СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**ПЕТНАЕСЕТТА (15) СЕДНИЦА (ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ , ОДРЖАНА НА 15.III.1995 ГОДИНА**

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АРСОВСКИ БРАНКО 35, 53, 54
3. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 39
4. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД 101
5. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР 126, 133
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ 24, 96
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 13,14,37,39,102
8. ИБРАИМИ САЛИ 134
9. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 112
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ 46, 47, 103
11. КАРОВ ЗВОНКО 106
12. КОТЕВСКИ СЛАВКО 108, 110
13. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 5
14. МЕШКОВ ЉУПЧО 45, 52
15. МИТЕВСКИ ДРАГАН 106
16. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН 8, 10, 110
17. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 91, 93
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО 26, 28
19. ПАУНОВ ТОДОСИЕ 49, 50, 105
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 1, 108
21. СТОЈКОВСКИ ТОМИСЛАВ 3, 125
22. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 7
23. САБРИУ ИЛИЈАЗ 33, 35, 36, 37, 40, 41, 42, 43, 44, 52
24. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА 56
25. СТОЈАНОВСКИ ЗДРАВКО 95
26. СТОЈАНОВСКИ ПЊЦО 118
27. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 114, 118
28. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 119, 124
29. ТАНТАРОВ ВЕЉО 16, 18, 20, 122, 124
30. ТАИРИ МЕВЉАН 22, 57
31. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА 60, 62, 66
32.ШАПУРИЌ ЗОРАН 113, 134

ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ПОЧЕТОКОТ
НА 15 СЕДНИЦА ЗА ЗАКОНОТ
ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО
Т.3-стр.51, Т.4-стр.54, Т.5-стр.56
Т.6 и 7-стр.59, Т.8-стр.61, Т.9-стр.63,
Т.10-стр.64, Т.11-стр.66, Т.12-стр.68,
Т.12-стр.68, Т.13-стр.70, Т.14-стр.71,
Т.15-стр.72, Т.16-стр.74, Т.17-стр.75,
Т.18-стр.80, Т.19-стр.82, Т.20-стр.84,
Т.21-стр.86, Т.22-стр.88, Т.25-стр.90,
Т.26 се повлекува од дневен ред
Т.28-стр.136, Т.29-стр.137

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Петнаесеттата седница одржана на 15 март 1995 година

Седницата започна во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Пред тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници. Јас ќе бидам многу краток и ќе се осврнам околу прашањата што можеме да направиме за да доведеме до тоа да пензионерите, односно законот кој го нудиме да не биде така рестриктивен и да изнајдеме можност како државата да дојде до средства со кои ќе го алиментира Фондот за пензионо.

Како што знаеме, еден дел , односно најголемиот дел од средствата кои се издвојуваат , тоа е основ кој секој е должен да издвојува од односот на вработувањето. Свесни сме и знаеме дека

најголем дел од тие средства или не доаѓаат, значи тие кои што се должни да ги уплаќаат во Фондот, често не уплатуваат и со тоа ги дестимулираат вработените, а другиот дел е тие што уплатуваат не доволно или не навреме ги уплатуваат тие средства. Така да приливот на тие средства во Фондот е многу мал и никој пат Фондот не може да има увид на средствата со приливите кои доаѓаат.

Вториот дел е алиментацијата на државата која кај одредена категорија на пензионери алиментира во тој Фонд. тука мислам дека државата нормално си ги исполнува обврските.

Третиот дел од кои што се финансира Фондот се акцизите. Како што знаете сите, делот кој што се зафаќа од акцизите е 9,18 и сметам дека тука е најголемата резерва , покај резервата која ја напомнав за тоа сите тие кои што се обврзани да ги плаќаат придонесите да си ги исполнуваат своите обврски и државната администрација да биде ригорозна во однос на тие кои не плаќаат придонес или кои доцнат со своите уплати.

Второ, предлагам во ова Собрание сите ние да ја разгледаме можноста и да донесеме акт процентот од акцизите да го зголемиме и со тоа да овозможиме Фондот да има такви приливи со кои ќе ги реши на некој начин дубиозите околу финансирањето. Значи, од предлог е до сите Вас Владата да; изнајде можност процентот од 9,18 од акцизите да го зголеми на процент кој ќе биде утврден, а кој ќе биде договорен заедно со Министерството точно да би се дефинирале која маса на средства ќе се добие со тоа и тоа на некој' начин да биде начин на кој би ја решиле дубијозата на Фондот. Средствата кои пак Владата ќе ги изгуби, бидејќи ние ќе заграбиме во дел кој веќе е за некаде наменет, предлагам Владата со својата државна администрација, а тоа би било

малку подолг период, да преземе мерки сивата економија која влегува и која почнува од границите, а завршува на нашите пазари зелени и сиви пазари да дојде до средства кои и припаѓаат на неа, кои се прелеваат во џебовите, не на многу голема група на луѓе што се на пазарите, туку на поединци во џебовите, таа маса да биде како компензација од масата која ќе се одземе од акцизите кои се двојат од нафта и нафтени деривати, а кои се употребуваат за пензискиот фонд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин претседателе, драги колеги, очигледно дека некои одредници и од Уставот и од партиските програми веќе ги реализиравме. Стануваме социјална држава, меѓутоа, прашање е сега што понатаму. Ние тука ќе се измачуваме и денеска и вчера за да практично прелиеме од шупливо во празно. Веќе категоријата пензионери корисници на социјална помош, а што е најтрагично најголемиот дел од вработените во оние организации кои што се уште рентабилно стопанисуваат веќе се изедначија. Тоа е она што треба да загрижува. И практично делот на овие измени на некој начин тоа и го фаворизира или го прави тие категории да се изедначат. Сметам дека ние не можеме тука да го изнајдеме клучот на проблемот , како што рече мојот почитуван колега и претходен говорник Владимир Станковски ако не се позафатиме системски да ги разрешиме работите што ги знаеме. Тие се идентификувани, тие се познати . Наплатата на давачките , акцизи, данок на промет, царини, ако успееме да ги наплатуваме во стартот, на граница, на крајот од производството, особено за она што претставува монополистичко однесување и производ цигари, алкохол, кафе, јужно овошје, бензин и други атрактивни производи, сметам дека ќе го

стеснеме просторот и дека во тој случај шпекулациите нема да бидат така атрактивни, како што се сега. Не е сива економија само кванташкиот пазар и зелените пазари, за жал , хаубите на автомобилите и слично. За мене сива економија е и работата на црно, за мене сива економија се и дивоградбите, за мене сива економија е и шпекулацијата сос станови, деловен простор не плаќање на разни придонеси и се она што значи практично избегнување на она што треба да го издвоиме за да тука едноставно имаме пристоен буџет кој што ќе може да ги алиментира сите потреби на сите корисници. Сметам дека во завчерашниот печат беше даден еден податок што се однесува за Скопје , а верувам дека и во други- те градови не е подобро. На насловната страница во Нова Македонија стоеше половичен одѕив на даночните обврзници во Скопје. Каде ни се решенијата. Дали тука кога ќе прелиеме од пензионо во социјално, или обратно, не е решение. Решенијата се тука околу нас. Ако половина од обврзниците пријавиле обврски на персонален данок или данок на доход, или на добивка, ако сето ова што сите го дискутираме ако можеме, сакаме, умееме, и немаме личен интерес тоа барем да го ублажиме, затоа што според некои информации веќе сивата економија се доближи до еден фантастичен процент од некаде околу 35 до 40% од вкупниот промет во државата. Свесни ли сме што значи сето тоа? Ние тука сметам дека е најнеумесно една категорија граѓани во моментот немоќни, бидејќи не се трудоактивни, но кои што потполно го заслужиле тоа , тука да ни служат како маркетинг и практично преку нивната немоќ и во моментот и ниски пензии и се она што треба да го следи , ние практично правиме политички маркетинг. Мислам дека не дека е невкусно, туку дека е несвесно и мислам дека решенијата треба да ги бараме во некој по фундаментални и по ригорозни промени на одредени

закони, уредби и слично. Во таа смисла предлагам овој закон да оди по редовна постапка , но со оглед на актуелноста на прашањето со полн респект, за проблемите на Буџетот и ресорните министерства таа постапка да ја ограничиме и да даваме еден свој предлог, а тоа да биде во рок од три месеци. Да не се одолговлечува до крајот на годината , за да можеме до. . тој период да изнајдеме реални извори на приходи кои што ќе ги внесеме во Буџетот за да потоа нивната распределба биде само рутинска или биде професионална работа на ресорните министерства.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници. Ако Владата со измените на овој закон чини севкупни напори за ефикасно спроведување на економските и други реформи за кои премиерот напомна дека нема да бидат лесни , а кои со сите други закони, предлози ги чини со надчовечки напори да ја изведе оваа мала сиромашна држава на прав пат,"тогаш нема дилеми за донесување на о<ви законски измени. Но многуте амандмани и протести зборуваат дека се тргнало од една категорија граѓани кои се најчувствителни со оглед дека тие ги земаат своите веќе обработени средства за кои редовно издвојувале во текот на својот работен век. Јас не би се двоумел да гласам за оваа измена на законот, односно овие промени ако е тоа последната реализација и стабилизација, меѓутоа, лично сметам дека има уште голем број можности кои што и те како имаат директно влијание на стабилизацијата и стабилизационата програма на нашата Влада. Би почнал од подрачните единици на министерствата и нивните инспекциски служби кои се и гломазни, а за жал и се уште се претрпуваат

со вработени а нивните ефекти се минимални. Делувањата и ефектите на инспекциските служби се слаби неефикасни и без прави ефективи, негативни ефекти кои хиерархиски даваат лоша слика за одредени министерства. .Најлош пример и нај свеж пример е превработување во едно одредено министерство за социјална заштита и труд во подрачното министерство во Гостивар каде и вработените сега што се не знаат што да прават и не го заслужуваат личниот доход.

Втора доста значајна резерва во рационализацијата на средствата по мене е сегашната фаза на нашата држава која не треба да отвара повеќе од десетина амбасади и испраќа голем број амбасадори. Република Македонија без оглед на нејзината незавидна воено стратешка положба, не треба да има класична армија со касарски режим, туку модерна рационална војска и платена полиција. Јасно е ако затреба ние сме сите војници на нашата татковина. Многубројните апанажи на богати вработени не се мала стапка во споредба со поштарината која треба корисниците да ја плаќаат. Не рационалните и чести прослави, иако од работен карактер се уште се еден .пример на недоследност на сите нас. Па и овој Парламент може да работи со 80 пратеници и да биде ефикасен и рационален. Постојат и други фактори на стабилизација и реализација, нашите граѓани тоа добро го знаат и посебно пензионерите кои имаат доволно време да размислуваат и како обично велат: "државата оди на добош, а од нас се бара да ја спасиме". Најниската категорија на пензионери кои за лекарства трошат половина од пензиите, преку Фондот аз пензиско и инвалидско осигурување делат месечни хуманитарни пакети со лекарства, облека и животни намирници како би се ублажила нивната материјална состојба. За утеха им порачувам да бидат стрпливи, бидејќи министерот им вети во 1995 година 12 полни

пензии, за тие што ќе останат живи, се разбира. Уште по утешно е ако им кажам дека армија млади невработени кои не мислат да дочекаат пензија туку прва плата.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Би сакал накратко да се осврнам околу овој предлог за донесување на закон односно да ги потенцирам моите забелешки кои се од аспект на забелешки кои во визија за натамошно решавање на овој закон би биле добри да се земат како едно трајно решение. Имено се работи за следново: Во овој случај Министерството кога го предлага овој закон предлагачот оди на решение овој фонд да го поддржува, односно од него да направиме една државна институција, наместо овој фонд да работи по законит ена пазарната економија, што практично постојат слични решенија во другите земји каде што функционира еден ваков систем веќе од поодамна. Тоа значи наместо да се воспостават основните принципи на пазарна економија каде што секој колку што учествува толку и да добива од тој фонд, а во овој меѓу период да ги бараме решенијата во сосема друг правец , тоа значи во рационалното собирање на приходите на овој фонд, предлагачот оди во сосема спротивно решение , прави рестрикција на корисниците на овој фонд со намалување на нивните примања. Од друга страна, постојат голем број на корисници на фондот, тоа се трудовите инвалиди, кои партиципирале во овој фонд во текот на својот работен век. Сега што се случува? Токму тој дел на корисници ги префрлуваме на социјала, односно на социјален фонд од Буџетот, што значи дека и од правна страна правиме прекршок, бидејќи тие средства што тие ги

давале сега им се земаат. Значи се ставаат во една социјална категорија кои што ќе чекаат од државата од тој социјален буџет да добијат некои средства за користење кои што треба да ги добијат и за оние средства за кои тие веќе учествувале во својот работен век, однос- но партиципирале во тој фонд. Сметам дека овој закон треба да оди по една редовна постапка да има доволно време да се согледаат, сите елементи, сите фактори , сите дискусии, па и овие амандмани што треба сега да дојдат на ред и мислам дека во една таква фаза ќе има доволно време и предлагачот да се преслуша, односно сите овие наши дискусии да ги зема како аргумент за изработка на што подобар закон.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Имам обврска нешто да кажам во врска со предлогот на измените на законот за инвалидско и пензиско осигурување. Еве зошто. Заради тоа што законот треба да направи нешто за да се подобри фондот за инвалидско и пензиско осигурување, односно да се помогне на оние кои што го користат. Мислам измените ги гледам во таа функција. Но што треба да се направи тоа да се обезбеди. Не е од вчера дека овој фонд е празен. Ние знаеме дека фондот е надвор од државата. Тоа е независен фонд. Фонд на категоријата на граѓани. Видовме дека заради одредени структурни промени во државата обврзниците кои што треба да го полнат тој фонд не можат заради тоа што дел од нив или не примаат личен доход, или се стечајни работници, па према тоа со порастот на пензионирањето и порастот на бројот на пензионерите овој фонд одеше се во една слизназна позиција во еден дефицит за што и во минатиот мандат на овој Парламент се расправаше и се мислеше дека со

зголемувањето на ставката на придонесот за инвалидско - пензискиот фонд ќе се добијат одредени средства кои што ќе овозможат исплата на пензиите редовно, онака како што се поставени во својата основа. Но се виде дека со зголемувањето на ставката на придонесот не се добија средства во Фондот» доволни средства за да можат да се исплатат.

II/1. -ДВ/МЛ

**ЈОВАН НИКОЛОВ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Последиците ги знаеме кои се, а тоа е заради тоа што голем дел на обврзници не си ги исполнуваат обврските спрема Фондот, или пак не беа во можност тоа да го прават: стечајните работници, па дел од оние кои беа на Заводот за вработување заради тоа што немаше таму пари да ги исплатат и обврските спрема овој фонд. Сето тоа се продолжуваше до една фаза кога сега не само што имаме заостанување на исплата на пензиите, туку имаме и дефицит во Фондот за да може редовно да се исплаќаат. Мора да се бараат одредени решенија. Сигурно Владата заедно со Фондот, кога веќе предлагаат една измена на ваков закон, мислеле нешто да направат во делот на санацијата, веднаш во интерес на пензионерите, а не надвор од нивниот интерес. Каде треба да го најдеме тој интерес? Тука треба и ние малку да се позабавиме, заради тоа што ако не го најдеме интересот на пензионерите, а тоа ќе го најдеме само преку Фондот, тогаш можеме да зборуваме што сакаме овде, тогаш пензионерите пак нема да ги примаат пензиите, односно ќе заостанува нивното примање не за 2,3 туку и повеќе месеци.

Битно е ние овде да се договориме да се најдат излезни решенија, пензионерите редовно да ги примаат пензиите и оние кои им се заостанати на некој начин да ги примат, за шест месеци или за година дена да дојдат, затоа што пензионерите во овој дел пооштетени се со тоа што не редовно ги примаат пензиите, или 1% да примаат помалку од пензијата. Моето размислување е такво. Дајте да им овозможиме редовно да ги примаат пензиите.

Во делот на измените на Законот, со тоа што имаме, во делот на акцизите ќе се приберат одредени средства, јас тоа го оставам на Владата затоа што она го води Буџетот, а ние го донесовме Буџетот, па да видиме дали во промените на Буџетот или со ребалансот на Буџетот делот на акцизите што влегуваат во Буџетот ќе се наменат со 1% повеќе

во делот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, пак за покривање на добивањето на пензиите, или не, тоа е простор за размислување.

Сите зборуваат дека оштетени се пензиите ако дел од трошоците се пренаменат од Фондот во еден друг фонд, Фондот за социјална заштита. Мислам дека, ако е во интерес дел од средствата кои се трошат како социјална заштита на пензионерите, останат како средства за исплата на пензиите, а тие истите се обезбедат во некој друг фонд мислам дека пензионерите не се оштетени, затоа што они преку Фондот за социјална заштита ќе ги примаат тие средства, односно ќе можат да ги обезбедат сите тие заштитни додатоци што ги примале преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, сега преку Фондот за социјална заштита. Сепак, ако веќе и во Законот за социјална заштита се предвидени тие средства и тие ќе можат да се користат, зошто правиме сега пречка, еден дел од приходите кои се трошат надвор од пензиите сега пак ги ставиме таму, а не овозможуваме доволно средства за да можат пак да се исплаќаат пензиите. Мора малку да се размислува за тој Фонд. Сигурно дека има и одредени обврски. Не се работи само за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Сите фондови кои се надвор од Буџетот се во истата состојба во која се наоѓа и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што знаеме какви се обврските, односно дали обврските на сите субјекти во оваа држава се релевантни во исплаќањето на придонесите во овие фондови. Не. Земете го Фондот за здравствено осигурување. Иста е состојбата. Така да мора, кога се носи еден закон сите да бидеме критични и да ги гледаме поставените измени од сите аспекти на дејствување на системот. Сигур но сум против, бидејќи Фондот е надвор од пензиско - инвалидско осигурување, да имаме сега еден централизам и на Фондот. Фондот си има Управен одбор, надвор е од државата, иако од државата бараме да се покријат

сите дефицити во Фондот, еве така се научивме, социјална држава сме се што недостига и што е надвор од Буџетот мора да го обезбеди државата преку Буџетот. така се навикнавме и така ќе одиме, не знам до кога, додека некако не се стабилизираме, а излезот го гледам сигурно во ревитализација на стопанството, кога ќе имаме добро стопанство и кога ќе се издвојуваат редовните средства во сите овие фондови, тогаш сигурно состојбите ќе бидат подобри. Ние не можеме сега одеднаш едноставно да критикуваме одредени измени во закон само заради тоа што еве правиме заштита на некоја категорија, а фактички преку одредени сугестии што овде се дадени, правиме штета на таа категорија луѓе затоа што можеме да ги доведеме, не само да ги редовно примаат пензиите, но и да не ги примаат овие заостанати пензии. Мора да се размисли, мора да се направи една категоризација меѓу тоа што значи измена во закон и она што се нуди, што ќе дојде како зголемен прилив во Фондот за редовна исплата и она што може преку одредени законски прописи. Ние сигурно во овие прилики не можеме да размислуваме за нова стапка на пораст на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што ефектите ќе бидат никакви во вакви одредени состојби што ги имаме во стопанството, невработување и стечајни работници. Изворите мора да ги бараме на друго место, тоа е веќе дадено во делот на акцизите со тој закон, сега само да видиме кој ќе биде тој процент што ќе се стави во функција на тоа. Мислам така треба да размислуваме, односно да ги гледаме работите. Дали ќе го донесеме денеска законот или ќе го одложиме, размислувањето треба овде да се даде. Треба да видиме какви ќе бидат ефектите од одлагањето на овој закон, дали и понатаму ќе се влошуваат состојбите во Фондот. Тоа мораме да го процениме, тоа е наша одговорност, бидејќи ако и понатаму почнат да се влошуваат состојбите во Фондот, ќе биде уште

полошо за пензионерите. Да видиме што е во функција сега за пензионерите, дали да го донесеме законот со одредени одредби кои ќе дадат поголем прилив на средства и исплата на пензиите, или да не го донесеме и понатаму да продолжиме во еден ваков хаос да постои Фондот за штета на пензионерите. Тоа е за размислување, го поставувам како прашање пред сите пратеници овде.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници. Се јавувам по втор пат и сум против носење на законот по брза постапка.

За жал и министерот за труд и социјална политика во своето вчерашно излагање не успеа да ме убеди дека сите рестриктивни мерки предложени во законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување се за доброто на пензискиот фонд. Тоа би било така кога Фондот не би бил со 250 илјади корисници на пензии, армија од незадоволници кои со овие промени уште повеќе ќе се доближат на работ на минималната егзистенција.

Како може да се зборува за подобрување на состојбите во Фондот кога корисниците на пензиите од ден на ден стануваат се понезадоволни. Состојбите во Фондот ќе се подобрат, барем делумно, само тогаш кога пензионерите ќе си ги добијат заостанатите пензии, кога државата ќе си ја подобри ефикасноста во прибирањето на придонесите и кога Владата ќе знае да предложи квалитетни решенија кои ќе ја подобрат материјалната положба на корисниците на пензии. Нормално е ако на некого не му дадеш тоа што му припаѓа, ќе направиш заштеда. Појдете од тоа да предложиш квалитетни извори на средства со што на корисниците на пензиите ќе им го доделиш тоа што им припаѓа според Законот. Зарем не е дерогирање на системот, работникот во текот на

II/5.-

работниот век да се осигурал за одредени ризици за кои државата е должна да му обезбеди соодветни права, кога ќе се пензионира да не ги користи тие права за кои плаќал придонес. Зарем не е деогирање на системот, со Законот наместо да се регулираат, се ограничуваат правата на корисниците на овој систем, член 26, кога Уставниот суд на Македонија се изјасни дека со закон не може да се врши ограничување на правата. Брзината на донесувањето на законот е инкопатибилно со предлагањето на квалитетни решенија. Значи ли дека во социјалната заштита има вишок на средства, па затоа правото на помош и нега се иззема од системот на пензиско и инвалидско осигурување. Се разбира, не.

Либералната партија не е против предлагањето на решенија за подобрување на состојбите во Фондот, но не и со додатно осиромашување на пензионерите, туку задирање во џебовите на новопечените бизнисмени кои противпрдвно на пазарните тезги собираат огромни средства, а инспекциските служби или не знаат или се немоќни да ги собираат обврските спрема државата. Либералната партија знае што бара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам овде како пратеник зборувате, оставете ги партиите.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Нејзините заложби се на линија на нејзините програмски определби за слободите и правата на поединецот, како и за тоа општествените дејности да не се етатизираат и државата да не оптоварува со тие огромни функции. Повеќе од сигурно е дека и оваа област на општествените дејности се неопходни реформи, но такви реформи ќе го унапредат а не уназадат пензиското и инвалидското осигурување. Овој закон е закон против пензионерите. На потег е

Владата и премиерот бидејќи треба да одговори на пензионерите. Владата е за тоа задолжена да изнајде решение за пензионерите. Ова го следат пензионерите и треба некој да им одговори. Да не се префрла топката од Владата на Парламентот. Владата е таа да си најде квалитетни решенија. Постојат механизми и механизмите треба да ги спроведат.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници мојата дискусија по оваа законска материја ќе биде свртена кон решавањето на проблемите со пензиското осигурување на приватните земјоделци од нашата држава.

Моралното пензиско осигурување на приватните земјоделци во нашава држава е воведено пред шест години. Тогаш со образложенијата на законите што ја регулираа оваа материја се тврдеше дека нашите земјоделци имаат економска моќ за издвојуваше на парични средства за пензиско и инвалидско осигурување преку која ќе се обезбеди некоја подобра сигурност за стари години на земјоделците. Меѓутоа, предлозите на бившите законодавци на овој план се изјаловија. Пензиското осигурување на земјоделците, освен оние кои при донесувањето на законот најдоа некои тесни дупки низ овие закони и се здобија со некое право за некаква пензија, кај другите земјоделци не е примено онака како што треба.

Пензиското осигурување наместо шанса за обезбедување на некаква сигурност за стари години, кога земјоделците не можат да работат по нивите и со добитокот, примено како некоја морална пензиска давачка која од година во година се повеќе го загрозува и нарушува стандардот на оваа категорија на работници. Денес штом во селото се спомне оваа давачка и до неодамна на неа назидана голема камата за нејзиното нередовно плаќање, што е предизвикано пак заради тоа што

никој на земјоделците со месеци и цели години не им го исплатува произведеното селско стопанство производство, веднаш ќе пламне револт, огорченост и какви не клетви: против овој закон.

Законот за пензиско осигурување денес во нашата држава, ретки се селата кои во овие зимски разговори не зборуваат како и на кој начин да се откачат од оваа давачка. На прашањето зошто пензиското осигурување на земјоделците предизвика и предизвикува таков револт во нивните редови и организирани барања за укинување на овие давачки, може да се слушнат повеќе одговори. Земјоделците велат дека заради лошите состојби во земјоделството што се изразени низ немање на пласман на нивното производство, ненавремена исплата на се она што е откупено досега, намалено производство заради недостиг на парични средства за организирање на едно производство што ќе дава рентабилност на сите полиња, во изминативе години создаде големи неприлики во нашите села. Покрај ова, причина за ваквите работи се и малите земјоделски имоти кои, како што знаете во просек се движат околу 2,5 хектари по едно домаќинство, Со една ваква аграрна состојба не може да се издвојат средства ни за потребите на животот, а да не станува збор за обезбедување на некоја земјоделска пензија за стари години. Исто така, имаат огромен револт и кон високата стапка што сега засега ја плаќаат земјоделците, во износ од 20,64%. И таа е неиздржлива.

Денес во услови кога освен пченицата сето производство стои неисплатено, ретки се земјоделците кои ќе можат да ги подмират пензиските давачки за 1993 и 1994 година.

Вчера министерот Илјаз Сабриу јасно кажа дека земјоделскиот долг за пензијата за 1994 година изнесува околу 300 милиони денари.

II/8.-

Господине Сабриу, господа од Фондот за пензиско и инвалид- ско осигурување, не сакајте наплата на овие долгови и вашите големи камати. Земјоделците нема од што да ги платат, од ништо немаат земено ни скршен денар. Револтот кон пензиското осигурување носи и до неодамна висока казнена камата за ненавременото плаќање на стасаните давачки за земјоделски пензии. Со Законот за персоналниот данок од доход земјоделците кои не можеа да ја платат оваа обврска во определениот рок, во 1994 година се казнуваа со плаќање на дневна камата во износ од 2%, или накратко речено за ненавремено плаќање на придонесот за пензиско осигурување во износ од 40 илјади денари сега земјоделецот треба да плати само казнена камата 110 илјади денари. За плаќање на главниот долг и каматата, Управата за јавни приходи прети со присилна наплата. Таа присилна наплата земјоделците ќе ги чини 5 крави или сега 120 јагниња или 2 тона тутун.

Господа пратеници, што да му земе земјоделецот на оној кој досега не му ја платил шеќерната репка, тутунот, сончогледот, грозјето, доматите. Ако продолжат ваквите состојби, Управата"за приходи наскоро за наплатување на давачките на земјоделците што се однесуваат за пензии, сигурно ќе почнат да им ги продаваат и имотите на земјоделците. Ако дојде до тоа, тогаш за кого ќе биде ваквото пензиско осигурување.

Познато е дека со постојниот Фонд за пензиско осигурување приватните земјоделци заради пресметување и плаќање на придонесот за пензиско осигурување се расчленети во основици на осигурување според висината на катастарскиот приход. Оние што ги собираат селските давачки на овој план имаат формирано 10 вакви основици за осигурување. Најниската основица за најнискиот катастарски приход во третото тромеселие од 1994 година изнесуваше 995 денари месечно, а највисокиот околу 3.50 0 денари.

**ВЕЉО ТАНТАРОВСКИ: (**Продолжение)

Инаку, катастарскиот приход, иако се менува само со соодветен закон што треба да биде изгласан во овој Парламент, Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше на Македонија ко од поодамна не ги сака во своите редови приватните земјоделци, зошто само тие знаат, на секои 3 месеци сам го зголемуваше катастарскиот приход. Ова е вистина што може секој во секое време да ја види. Значи, покрај дневната казнена камата, еве уште една државна неправда кон приватните земјоделци.

Натаму, според постојниот закон за ПИО многумина приватни земјоделци кои задолжително со пензиското осигурување ги зафати во поодминати години, кога нивните генерации што беа вработени во државниот сектор или пак оние кои подолго време доброволно плаќаа давачки за пензии, сега не можат да работат, тие се должни да плаќаат долго време пензиско осигурување. ако грижливо се прегледаат регистрите на обврзниците за пензиско осигурување на земјоделците, ќе се најдат земјоделци кои сега имаат 80 години а плаќаат пензиско осигурување. Ќе се најдат жени со 85 години кои плаќаат пензиско осигурување. Според она што го кажуваат во подрачните служби на овој Фонд, земјоделците ќе чекаат пензија дури откако ќе навршат 100 години.

Земјоделците кои во изминатите 6 години, како - така ги плаќа придонесите за пензиско осигурување и станале неспособни за работа во поле или со добиток, тешко доаѓаат до остварување на правото на инвалидност. Во Битола, за овие 6 години има само 10-тина пензионери инвалиди - земјоделци.

Почитувани пратеници, во Битолскиот дел на Пелагонија ланската година имаше околу 900 приватни земјоделци кои беа задолжени да плаќаат давачки за пензиско осигуруваше. Заради се ова што го истакнав до сега со ова осигурување, 200 од нив имаат поднесено барање до подрачната единица за пензиско осигурување да бидат ослободени од оваа давачка. Велат дека немаат можности во сегашнава селска сиромаштија да ги подмират споменативе давачки и сакаат да бидат отстранети од пензиското осигурување. Фондот за пензиско осигурување на Македонија ги одби овие жалби и сега овие земјоделци правдата на овој план ќе бараат да ја истераат пред суд.

Токму затоа, имајќи го предвид сево ова, имајќи ја предвид и вистината дека грбавите плеќи на земјоделците не можат да ги поднесат овие тешки товари за пензиско осигурување, го поддржувам вчера поднесениот амандман на група пратеници во кој се бара годинава намалување на основицата за пензиско осигурување за околу 50%.

Инаку, во вчерашната расправа за измени и Дополнувања на законот за ПИО министерот за труд и социјална политика г-динот Сабриу јавно кажа колкави се неисплатените давачки на земјоделците за пензиско осигурување. Ако ним им се даваат сега, па се закачат и овие високи камати особено минатата година, тогаш ланскиот долг нема да се подмири ни со 100 милиони килограми пченица, ниту со 2 реколти од тутун.

Г-дине министре, вие да знаете дека оваа давачка е преголема и не чекајте

**СТОЈАН АНДОВ:**

Обраќајте се на Парламентот, не на поединци.

**ВЕЉО ТАНТАРОВСКИ:**

Вие знаете колку приватни земјоделци се на вашите списоци за социјална помош и не чекајте од нив да ги платат своите морални обврски за пензиско осигурување. Социјалната помош на земјоделците секогаш била туѓа страна. Токму затоа, предлагам се она што вчера министерот кажа за подобрување на состојбите со пензиското осигурување на приватните земјоделци, а се однесува на бришење на камати на давачките за 1993 и 1994 година, барам по итна постапка да биде преточено во дело, да донесе соодветни акти кои што навистина на овој план ќе може да се стори нешто со наплатата на овие давачки.

Инаку, предлагам, давачките за ПИО за 1993 година и за 1994 година во 1995 година да се плаќаат во неколку рати. Само така сметам дека ќе може да се собере некој денар. за Фондот за пензиско осигурување за кои што сите тврдите дека од подолго време е празен.

И на крајот, само уште нешто друго. Добро знаете дека во нашава држава постојат две категории земјоделски пензионери Една категорија се пензионери кои доброволно плаќаат 15 години пензиско осигурување, а денес како - така земаат некоја пензија.

Втората категорија се тие таканаречени старечки семејства, старечки пензии на земјоделците кои што овие земјоделци ги стекнаа со законите од бившиот систем.

Инаку, со овие пензии се користат околу 20 илјади земјоделци од нашава држава, а нивната старост е 85 до близу 100 години. Нивните старосни пензии во месец декември минатата година изнесуваа 1.800 денари. Претставуваат најниска социјална помош во државата. Со оглед на тоа што овие пензии ги користат најстарите жители на државата од кои најголемиот дел од нив живеат низ селата, предлагам истите да се изедначат со најниските земјоделски пензии што ги примаат нивните пријатели од селото.

Покрај ова, корисниците на старосната пензија треба да се ослободат од плаќање придонес од здравствено осигурување. Годишно еден корисник на старосна пензија од државата зема 20 илјади денари старачка пензија, а плаќа 12 илјади денари за здравствено осигурување. Каква е нашата помош на овој план кон оваа категорија на земјоделци?

Инаку, најголемиот дел од корисниците на старосните земјоделски пензии се ученици во последната војна за Македонија. Податоците говорат дека над 70% од борците кои 3-4 години се бореа за она што го имаме денес, беа селани. Без нив и нивните амбари, фурни, добиточни стада што цело време служеа за исхрана на нашите партизански единици кои знае дали ќе го имавме денес ова што го имаме денес. Токму затоа, Македонија, каква - таква, сиромашна, бедна, меѓутоа самостојна и слободна мора да најде сили да помогне на оваа категорија земјоделци. Има обврска да ги зголеми старосните земјоделски пензии до износот што ќе обезбеди некаква социјална сигурност на земјоделците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Рдинот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Во целина по предлогот на законот за измени и дополнување што се предложени се слушаат, се чувствува едно негативно расположение кон сето она што е предложено кое сметам дека е повеќе од емоционален карактер, одошто има во предвид да понуди конкретни решенија за разрешување на проблемот.

Законот, според мое убедување, е добар обид да се средат состојбите што се како резултат на севкупните општествени промени што настанаа во овој временски период со кој што се соочуваме во овие 3-4-5 години. Така што сметам треба да бидеме малку порационални и да размислуваме малку по ослободени од емоциите дека пензионерите ќе бидат оштетени ускратени пензиите и не знам што. При тоа забораваме дека овие пензионери дека се ускратени за 2 пензии. ако продолжи на овој начин најверојатно ќе бидат ускратени до крајот на годината за уште две други пензии и решение, според мене, не е да останат состојбите како што е. При ова се заборава дека една од главните причини за состојбите што се вакви, какви што се, е тоа што беше изнесено во јавноста дека односот вработен - пензионер во Републикава е 2,5 со еден, што навистина не дозволува некои поефектни потези за разрешување на овој проблем. Сметам дека предложените измени и во сферата на префрлување на некои ставки од пензискиот фонд во Буџетот, односно во сферата на социјалата е добар потез што, иако во прв момент може да ги збуни пензионерите и сите ние кој што се трудиме да оставаме впечаток дека ги штитиме нивните интереси, во секој случај може да биде еден добар начин да се излезе од оваа состојба, затоа

што, барем така беше изнесено вчера, оваа категорија на луѓе кои уживаат некаква заштита ќе бидат префрлени во сферата на социјалата, односно во Буџетот.

Некои предлози што беа изнесени во вид на одлагање на овие измени односно еден предлог што беше изнесен во вид на зголемување на цената на бензинот за 2 денари од г-динот, не можам да се сетам на името, сметам дека не го решава проблемот. Прво, затоа што состојбите ги цементира и ги одлага за понатаму, а второ, ако се зголеми цената на бензинот, номинално значи дека сите други трошоци ќе се зголемат. И,тука не може да има подобрување во фондот за пензиското односно инвалидското осигурување. Така што, сметам дека ова се работи што само навидум би ни излгедале дека го решаваме проблемот, а дефакто состојбите би останале исти какви што се. Затоа јас сметам и предлагам ние како пратеници да го поддржиме овој закон и го излагасаме за да овозможиме работите полека да се средуваат и пензионерите иако помалку, да го примаат тоа што ќе им следи.

Додека, ако некои навистина сака нешто конкретно и издржано да направи, тогаш еве, да се договориме сите ние овде како Парламент и Влада основицата за пресметување на платите да се намали и тогаш да им создадеме на пензионерите доволен фонд што ќе може да ги покрие нивните,така што во целина платите да бидат пониски за сметка на пензионерите. А не ова вака, да ги зголемиме цените, па ќе се зголемат другите такси и ќе дојдеме на истото. Еве, овој предлог нека биде земен предвид ако некој смета дека би можел да помогне во разрешување на состојбите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дино Видимче,

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, немоновноста од донесување на измените на законот што сега го разгледуваме е очигледна имајќи ги предвид севкупните состојби во сферата на пензиското осигурување. Реалноста е сурова, но до изнаоѓање на решенијата за надминување на проблемите, сигурно постојат повеќе патишта.

Една од алтернативите што е можна е и онаа што се нуди во Предлогот на измените на законот која, во основа претставува рестриктивна и во прв момент веднаш тоа ќе го осетат пензионерите, односно веднаш по донесувањето на овој закон, но, сигурно тоа не е единственото решение за разрешување на овие проблеми. Убеден сум во тоа.

Сите знаеме во каква состојба се или да кажеме не состојба збирањето на давачките, стапките по разни основи што треба да ги подмируваат граѓаните на државата. Претходните говорници ја спомнаа и сивата економија и нејзиниот се поголем и позабрзан развој. Со нејзиниот развој, оптоварувањето на останатата економија, да ја наречам така условно, која патем речено ни настојува редовно да ги плаќа и подмирува давачките е се поголема и поголема. Тежината е уште поизразена со реалноста на состојбите во стопанството, односно процесот на приватизацијата, стечајните постапки и сето тоа што знаеме што се случува.

Заради ова имаме присатност на се поизразено апстинирање од подмирување на давачките, односно и тие што настојуваа до сега да плаќаат давачки, се обидуваат и изнаоѓаат давачки да го надминат или заобиколат.

Несакајќи да бидам многу долг во искажувањето морам да напомнам тоа што се нагласува дека заради тежината на проблемите мора под итно да се донесат измените воопшто не е одржано. Јас мислам дека токму заради тежината на проблемите подобро е подетално да се размисли за начинот на разрешување на проблемот, односно измените на законот за да поминат во редовна процедура или барем во двоетапна, но не скратена процедура.

Едно од можните решенија што јас би ги размислувал е сигурно доследно и редовно наплатување на обврските од сите обврзниците кон државата и кон било кои фондови.. Тоа значи и доследно комплетно ангажирање на инспекциите и без пардон/спроведување на законските прописи во сите области.

За спроведување на ова е потребно комплетно мобилизирање на инспекциите од сите министерства и конечно да се почне во целост да се извршуваат работите за кои се овластени.

Во овој контекст, на крајот да нагласам дека токму ресорното министерот што ги предлага овие измени на законот преку своите инспекции лесно може да успее да ги собере сите давачки од армијата непријавени невработени кои се званично невработени а во основа работата непријавени кај работодавци, неиздвојувајќи ни давачки ни ништо. На тој начин сигурно ќе се заштити и нивната социјална состојба, свесни за тоа дека доколку вработените се непријавени, сигурно се во

многу непријатна состојба. И уште нешто, предлагам ресорното министерство д размисли за начин да изнајде можност да ги стимулира работодавците да ги пријавува вработените, односно со тоа вработување да издвојуваат што повеќе средства, онолку колку законот

предвидува, за пополнување на овие празни и дубиози.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-дин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, самиот факт што втор ден расправаме за начелата, фактички општиот претрес по овој закон, доста илустративно говори за степенот на одговорноста на секој од нас, кој учествуваме во донесувањето на овој закон, свесни за последиците од примената на овој закон во пракса.

Иако морам да признаат дека во дискусијата на дел од моите колеги овде имаше примеси на евтин политички маркетинг да се додворат на дел до бирачите на оваа категорија граѓани, но сум убеден дека најголемиот број дискутанти овде односно нивните дискусии одеа во насока на барање решение, најоптимални решенија што ќе можат да ги задоволат целите што во овој случај се сака да се постигнат со овој закон.

Од една страна ја имаме Владата која што тврди со предлогот на измените и дополнувањата на овој закон, дека иако мерките се доста рестриктивни, дека ќе се направи консолидација на Фондот за ПИО, дека ќе се направи урамнотежување  на приходниот со расходниот дел на

Фондот и дека овие рестриктивни мерки по извесен период ќе доведат токму до овие цели за кои што пред малку реков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (продолжение)

Од друга страна има жестока реакција од пензионерите скоро од сите општински здруженија од Републиката кои тврдат дека со донесувањето на овој многу отколку сега. закон ќе се најдат во/потешка состојба/ Оваа нивна реакција ја сфаќам многу жестоко како еден притисок и до Парламентот и до Владата да ги бараат вистинските решенија околу поделбата на товарот на одговорноста и товарот на стабилизацијата подеднакво на сите субјекти во државата. Јас мислам дека во таа насока е револтот на пензионерите од една страна и од друга страна тој револт го сфаќам како најсериозно укажување на потребата од комплементарни мерки од страна на Владата за надминувањето на овој период до излезот од кризата односно до консолидацијата и урамнотежувањето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Еден од тие аргументи за кои Владата предлага дека одат во функција на консолидација на фондот е и фактот што укажуваат еден од тие закони кој е обврска во договорите со ММФ и светската банка за странска финансиска поддршка е токму овој закон. Имавте можност вчера да слушнете и во експозето на министерот за финансии и во експозето на министерот односно дискусијата на министерот за труд и социјална политика дека Законот за трговските друштва, Законот за ПИО, Законот за работните односи и Законот за социјалната заштита се неопходниот пакет на документи со кои ние треба да одиме во Њујорк за да се потпише односно за да се добие првата транша на финансиската поддршка на државата од странство. Ако: е така ја сум склон и мојата пратеничка група на СДС да веруваме дека бидејќи е потпишан договорот доколку го исполниме овој услов дека првата транша ќе стаса во Републиката онака како што е договорено.

IV/2.-

Затоа мислам и не само затоа, туку и заради тоа што овој Парламент и скоро сите пратенички групи ја прифатија макро-економската политика на Владата за 1995 година и еден сегмент од таа макроекономска политика е токму овој закон. Беше речено и во експозето на претседателот на Владата и на министрите кои ги поднесоа тие експозеа пред овој Парламент. Тоа е една обврска повеќе за сите нас, бидејќи ја прифативме, а ова е еден сегмент и овој дел од макроекономската политика да го прифатиме како свој, ако сме свесни дека направивме тогаш добро и мислам дека и денеска тоа треба да го поддржиме. Но, за да навистина за оваа категорија граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка положба, кои се наоѓаат на границата на животната егзистенција не се манипулира во политички цели, би било добро да се направат токму тие комплементарни мерки од Владата. Не сум за тоа по итна постапка тоа да се направи, односно сите закони да ги носиме по итна постапка. Во принцип сум против и како правник од овде едно се декларира, ова е вторпат дека штети за уредување на односите доколку законите се носат по итна постапка. Ова е цената што ја плаќаме да излезот од кризата од овој период во кој се наоѓаме, како што го викаме транзиција. Можеме да прифатиме дел од тие закони навистина да ги носиме по итна постапка меѓу кои е токму и овој закон. Но, ова бара итност од Владата да понуди едни комплементарни мерки за надминување на состојбата во која се наоѓаат пензионерите. Сигурен сум дека има резерви само треба да се седне и најодговорно да се изнајдат решенија, а тоа значи подолгорочен период овој закон гарантира консолидација на Фондот за ПИО. До тогаш мора да се преиспитаат сите мерки меѓу кои би спомнал само неколку, а за неколку говореа претходните дискутанти. Да се видат и испитаат можностите од зголемувањето на цената на нафтените деривати дали може на друг

начин дистрибуцијата на пензиите да се врши отколку тоа се чини како значаен извор за заштеда на средствата и директно тие средства да се слеваат во Фондот. Отворено се залагам регресот за годишните одмори во нестопанството да се насочи исклучиво во овој фонд. Дел од средствата од продажбата на деловниот простор дел да се насочи во овој фонд. Од приватизацијата која е сега во тек дел од средствата да се насочат и дури тогаш ќе ни веруваат пензионерите дека имаме навистина сериозен однос кон проблемот во кој се наоѓаат тие и дури тогаш мислам дека и преку онаа финансиска контрола од финансиска полиција дека оваа држава мисли и ги третира како рамноправни граѓани а не како граѓани кои најмалку придонесуваат односно создаваат нови вредности. Ова е се заради тоа што мислам дека се длабоко свесни пензионерите во каква состојба се наоѓаме ние како општество и како држава. Впрочем, тие се творци на оваа држава и јас не верувам дека се подготвени, како што има во некои дописи од општинските здруженија, дека се подготвени да дојдат пред Собранието уривачки да се однесуваат едноставно заради тоа што не верувам дека тие она што го создале треба да го рушат. Но, имаат право да ни укажуваат и на последиците од нашиот неадекватен однос во врска со нивните проблеми.

Заради тоа мислам дека доколку биде ставено на увид комплетно јасно на пензионерите нивниот однос и кон овој закон и кон вкупниот однос кон државата, кон Парламентот, кон Владата ќе биде конструктивен. Затоа предлагам во името на Пратеничката група на СДС со овие амандмани кои се предложени за доградување на законот овој закон да се прифати, а бидејќи нуди добри основи и за окончување на нашите преговори со меѓународните финансиски институции и еден добар премин кон консолидација на Фондот за ПИО.

IV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

52 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (16)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 94 точка 1, за додавање нова потточка г) и за бришење на точка 4, и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот

IV/5.-

Пратениците Мирко Трипуноски и Јован Лазаров поднесоа амандмани за додавање два нови члена 5-а и 5-6 за бришење на член 6, член 21 за бришеше на став 2, за бришеше на член 26 и за додавање нов член 26-а со кои Владата не се согласила.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 8 став 2, со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на член 7 и на член 11 и истите ги повлече на седницата на Комисијата за труд и социјална политика.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на називот на Предлогот на законот ; на член 13, член 14, член 15 став 1 и 2, за менување на член 18, член 27, член 191 став 1 и 2 и на член 192 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за бришење на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани за додавање нов член 5-а и за додавање нов член 22-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандмани за бришење на член 3 и за бришење на член 7 и бришење на член 8 и на член 21 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандман за бришење на членовите од 14 до 18 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров поднесоа амандмани за бришење на член 14, за бришење на член 15, за бришење на член 16, за бришење на член 17, за бришење на член ^5 и 26 по кои Владата не се произнела.

IV/6.-

Група пратеници поднесоа амандмани на член 14 за бришење на точките 5,7,8 и 12, член 16 за бришење на точките 5 и 6 и за додавање нова точка 4-а и за донесување нов член 22-а, за кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман за бришење на член 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од ЗПК, пратеникот Здравко Стојковски и Пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика г-динот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманите по член 3 од ЗПК и пратениците Здравко Стојковски и Томислав Стојановски Владата ги прифаќа. Се однесува на бришење на членот 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 5-а, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 5-а и 5-6 поднесени од пратениците Мирко Трипуноски и Јован Лазаров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 5-а и 5-6, поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член б поднесен од пратениците Мирко Трипуноски и Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека имавме голем број на заклучоци од стечајните работници долго време, во таа група спаѓаат и трудовите инвалиди. Тие трудови инвалиди користат две права едно право преку Биро за вработување, а другото право преку Фондот за ПИО. Тоа е негово право од каде ќе го користи. Меѓутоа, практиката покажа дека трудовите

инвалиди во ова време немаа никаква шанса да се вработуваат. Од таа причина сметам дека ќе направиме поголема сигурност ако го измениме од 3 на 5 години со тоа што можеби треба да се направи една интервенција и во Законот за вработување таму да биде 3 години а ваму 5 години така што во таа смисла сепак обезбедуваме поголема сигурност на оваа категорија граѓани . Верувајте, барем досега, она јас што го имам како информација, нема ниту едно лице повторно вработено во ниедна друга организација. Еден од основните заклучоци на стечајните работници во сите расправи е овој и во таа смисла го предложив овој амандман.

Инаку, можеби не е во функција, но е во рамките на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 14 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овие амандманите Владата не ги прифаќа.

IV/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 14, поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за бришење на точките 5,7,8 и 9, поднесен од група пратеници.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите од 14 до 18, поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи се дадени предлози за бришење на членовите од 14 до 18 би дал едно образложение,бидејќи сега министерот го прифати членот 15.

IV/11.-

Целта на трансформацијата на СИЗ-от за Пензиско инвалидско осигурување во Фондот беше организација и остварување на системот на ПИО да се сообрази со севкупните измени во економските односи чии основи се утврдени со Уставот на РМ. Во таа смисла определбите беа на Фондот за ПИО да биде самостојна финансиска институција која ќе работи врз основа и во согласност со економските законитости. Уставните начела и политичките определби со таков статус на Фондот во основа доследно изразени во основните одредби и во нормативниот дел на законот за ПИО. Меѓутоа, со изменувањата предложени во членот 14 до 18 од Предлогот на законот скоро целосно се нарушува односот, се напушта концептот на Фондот како самостојно финансиска институција. Доколку се усвојат тие измени, Фондот практично ќе стане државна институција, бидејќи со средствата на Фондот ќе управува и за нивното користење ќе одлучува државата преку директор на Фондот кого во име на државата го именува и разрешува Владата. Во таков случај нема никаква потреба од постоење на управен одбор на Фондот поради што тој треба да биде укинат и сите негови други минимални и значителни вредности да се пренесат врз директорот на фондот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**:(Продолжение)

Инаку, ако целта е во сите области на општествениот живот, освен во органите на државната власт да се оживотворат уставните одредби на економските односи и економските законитости, тогаш треба да се применат начелата на акционерството т.е. учество на државата односно на Владата преку Директорот на Фондот во управувањето со средствата на Фондот и одлучување за нивно користење, да бидат сразмерно на учество на државата во обезбедувањето на вкупните износи на приходите на Фондот. Во спротивно Владата имала право да управува со туѓи средства и да одлучува за нивното користење, што во некои случаи не може да биде во согласност со Уставот. с .л 1 '

Предлогот за примена на членовите од 14 до 18 од Предлогот на законот е основан и поради тоа што од образложение дадено во две реченици не може да се согледаат вистинските причини за изменувања предложени со нив, особено нивната уставна законитост и позитивните ефекти од тие измени. Покрај тоа, во образложението не се опфатени членовите 14 и 18, туку само членовите 15,16Г'И 17 од Предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горѓи Атанасов.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Јас само сакам да укажам дека со прифаќањето на амандманот што го поднесевме група пратеници од Социјалдемократскиот сојуз фактички интервенциите на Управниот одбор се враќаат и токму затоа мислам дека е неоснована дискусијата дека Управниот одбор ги губи сите ингеренции. Напротив само три ингеренции кои досега ги имаше Управниот одбор, а тоа е околу општиот акт за организација и

систематизација на работните места, потоа околу грижата за редовно уплаќање на придонесите од страна на претпријатијата и околу именувањето на директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Сите други права се оставени на Управниот одбор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите од 14 до 18, поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко ' Каров.

Тоа е алтернативен амандман, штом го прифативме претходниот, овој треба да се повлече.

Дали го повлекувате амандманот? (да)

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да. се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 16 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на точките 5 и 6 и аз додавање нова точка 4тга, поднесен од група пратеници.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 17 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски::и: Звонко Каров .

Отворам претрес по амандманот на член 21 за, бришење на став 2 поднесен од пратениците Мирко Трифуновски и Јован: Лазаров.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Мирко Трифуновски и Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 22 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за донесување на нов член 22 поднесен од група пратеници.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОСТАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

Отворам претрес по амандманот1 на член 23 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 за бришење на став 2.' поднесен од пратеникот Здравко Стојковски,

V/6

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 25 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претерс по амандманот за бришење на член 26 поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 26 поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан ДАневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Не ми е јасно зошто не се прифаќа кога е од чисто техничка природа. Во членот 26 не е кажано оваа одредба што се внесува после која одредба во преодните и завршните одредби доаѓа. Значи таа одредба плива. Има една одредба во која не е кажано по член тој и тој, се додава тоа. Тоа е исто техничко и кога ќе се прави пречистен текст мислам дека нема да се знае каде да се стави таа одредба.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед дека овој амандман е од чисто техничка природа, а веќе е усогласено со Законодавно - правната комисија, која е на ова мислење затоа не го прифаќаме амандманот. Мислиме дека тие се компетентни за ова да предлагаат дали да се прифати или не. Ние го прифативме предлогот односно мислењето на Законодавно - правната комисија и затоа не се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 2 9 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Звонко Каров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 26-а поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 26-а, поднесен од пратениците Мирко Трипуновски и Јован Лазаров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, во името на Пратеничката група барам пауза од 15 минути заради неопходно консултации во пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 15 минути.

(Паузата почна во 12,05 часот.)

VI/1/ПЈ/лј

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека мнозинството пратеници присуствуваат на седницата и продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог законот.

За збор се јави г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Пратеничката група на либералната партија во вчерашната и денешната начелна расправа и во расправата по амандманите ги изложи своите аргументи и даде повеќе амандмани, поради тоа што смета дека некои прашања може и треба да се решаваат со интервентни закони. Но, цврсто стоиме на ставот дека со овој закон односно во овој закон постојат многу замаглени работи и на всушност не ни се познати и не ни се јасни вистинските намери на ресорното министерство и Владата. Сметаме дека треба и бараме да даде рамковна програма со предлози и. насоки за тоа каков пензиски систем и треба да нашата држава, во кои рамки, со која динамика и со одговор на прашањето каков ќе биде преминот од еден систем во друг. Притоа, сакам посебно да потенцирам дека треба да се изготви динамички план на решавањето на наталожените проблеми во оваа област, поради тоа што дефицитот во пензискиот фонд не е ни од вчера, ни од денес, туку датира од поодамна.

Го поставувам прашањето зошто ресорното министерство и Владата не ставаат во ситуација на свршен чин под притисок од роковите договорени на државно ниво со меѓународниот монетарен фонд, што не изнудува односно не изненадува и нас, но и пензионерите.

VI/2.-

Вака испаѓа дека сите сме затечени под притисок на пензионерите и пред стравот на објективните околности за тоа како ќе биде утре. Промените во управувањето со фондот се засноваат на една оценка на висок степен на недоверба спрема фондот и неговото управување, без притоа да се направи анализа и да се понудат аргументи каква врска има тоа со пројавениот дефицит, кој е сепак резултат на одлуките на Собранието и Владата. Без такви анализи може да се направат штети со огромни последици, кои ќе се јават по тоа поради брзите и недоволно промислени решенија. Министерот кој е ветеран во оваа област, бидејќи повеќе од една деценија е на чело на ова министерство мора да даде основни правци за разрешување на овие проблеми. Со едно незадоволство од таквата ситуација и многу поголема работа и со еден програмски пристап, свесни за последиците и решенијата што ги нуди законот, пратеничката група на Либералната партија, сепак, одлучи да го подржи законот од следните причини.

Прво, затоа што сме доведени во цајтнот, поради обврските што ги има превземено односно што во име на државата се преземени со меѓународниот монетарен фонд, иако и вчера реков дека тоа не треба да се користи толку често како алиби.

Второ, поради тоа што беа прифатени дел од амандманите на пратеничката група на Либералната партија, со што се изврши квалитетно подобрување на законот.

Трето, бидејќи очекуваме дека Владата тековно ќе ги следи состојбите и нема да дозволи да се јавува незадоволство и бидејќи очекуваме дека Владата ќе има поголемо разбирање за нашите барање и дека ќе ги вгради во новите системски решенија.

Четврто, бидејќи очекуваме дека Владата ќе преземе конкретни чекори за поголем прилив на средства во фондот, за што како за приливот и одливот на средства во Буџетот ќе поставиме барање за поднесување информации на секои два месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Паунов.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ**

Господин претседателе дами и господа, јас се извинувам што малку подоцна се јавив, а сакам да кажам како ќе гласам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште не гласаме, после ќе ви дадам збор.

Прво да заклучам.

Значи, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Повелете сега господине Паунов, претресов е заклучен.

Господин Паунов ќе каже како ќе гласа и зошто.

Имате само пет минути за тоа**.**

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Јас ќе гласам за законот, бидејќи друго решение за сега не наоѓам. Сепак, Владата нуди некое решение. Со тоа решение Владата ја зема и одговорноста за пензионерите, кои што некаде од прилика 20% од населението живеања од пензиите, за нивната судбина, за нивната иднина. Мислам дека со овој закон Владата ја презема и одговорноста и затоа ќе гласам за законот. Би сакал во едно како што не се јавив овие два дена на говорницата да кажам и за тоа зошто не се јавив. Заради тоа што имаше доста дискутанти и  ги изнесуваа проблемите кои ги имаат

VI/4.-

граѓаните во однос на плаќањето на придонесите и даноците од населението, поготово и од органи-ациите. Денес кога организациите се наоѓаат под стечај, кога работниците биваат отпуштени и на улица кои се наоѓаат од овие 25 организации загубари ...

**СТОЈАН АНДОВ;:**

Законот за загубарите го изгласавме.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Нема придонесите да бидат платени, така што се намалуваат и ова што Владата прави напори нема да биде остварено. Меѓутоа, сепак треба да бидеме оптимисти дека ќе се оствари, се сложувам и барам да се направи програма од Владата како и на кој начин ќе се обезбедат средствата за пензионерите, а во едно како и на кој начин ќе почне стопанството да -живее, односно да ги извршува своите задачи, да ги извршува капацитетите, да ги исполнува капацитетите и да создава доход, а само од новствореното, од доходот може да се издвои како досега, што пензионерите издвојуваат доход, градеа фабрики, градеа претпријатија, градеа улици, а денеска ги оставаме на улица, пензионерите со многу лични примања, пензии. Заради тоа морам да гласам за законот и го поддржувам законот, а барам информација како и на кој начин ќе биде спроведен законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, сега да гласаме.

Кој е за, молам, да крене рака?

7 8 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (4 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 се воздржуваат).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Минуваме на **<u>точка 3</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот на социјалната заштита со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.

Кој е за, молам, да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам , да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Господин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас малку зборував кога беше за законот за пензиско и инвалидско осигурување за итноста во постапките и тоа ќе се случи во овој закон, затоа што во овој закон рековме дека се префрлаат правата од него, од законот за пензиско и инвалидско осигурување, во овој закон. Меѓутоа, во него нема ниту една одредба во која што ќе се каже како ќе се одреди висината на оној што прв пат ќе поднесе право и оние што се префрлаат како затечени, како ќе се усогласува нивниот износ. Претпоставувам дека веднаш по тоа ќе треба да одиме на дополнение на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон. Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани за бришење на член 5, член 6 и 7, со кои претставникот на Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 под- несен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

VI/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господинот Арсовски.

**БРНАКО АРСОВСКИ:**

Ќе бидам краток во оваа смисла, мислам зошто го поднесовме овој амандман, макар што дадов едно образложение на самиот амандман, мислев дека, лично познавајќи ја оваа проблематика, бидејќи работам повеќе од 27 години во областа, и организацијата и I она што е присутно во оваа област, мислам дека степенот и чинот на бирање на директорот кој се подигнува на ниво на Влада мислам дека е неквалитетно решение од аспект што сметам дека сепак Владата не треба да се занимава со такви проблеми во сите дејности и тоа да кажам здравство, образование, социјална заштита итн. Ќе се претвори во еден централизам и таа треба да решава одредени проблеми, кои мислам дека не се коректни, а тоа може да се задржи на ниво на министерство. Претходното решение, која е во рамките на изборот на директорите, посебно во социјалните институции, бидејќи не се работи за една институционална институција сите центри за социјална работа, сите домови за стари итн., во таа смисла мислев дека поквалитетно ќе биде она старото решение во кое подемократски се бира еден директор, вклучувајќи го тука собирот на работни луѓе или стручниот тим, вклучувајќи ја тука локалната самоуправа преку одредени претставници и ова Собрание кое делегира двајца членови, нормално со најголема контрола, која ја дава согласноста министерот за труд и социјална политика, бидејќи е ресор тој во таа смисла. Меѓутоа, имајќи го предвид ова решение, бидејќи министерот не го прифати овој амандман оставам и го повлекувам овој амандман, заради тоа што мислам дека илузорно е да ве убедувам сега што значи тоа, меѓутоа, понатаму нека покажат одредени решенија во оваа смисла. Сигурно Владата ќе го почувствува тоа.

VI/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 6 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

И овој амандман е повлечен.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сите три амандмана ги повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали е некој воздржан? (1 е воздржан)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесуваше на закон за изменување на законот за насочено образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

VI/9.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за насоченото образование.

Кој е за, молам, да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (4 гласаа против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (4 се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвои предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно -правната комисија поднесе амандман на член 3, став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

VI/10.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Симовска министер за образование

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман на Законоавно- правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес на Предлог законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (3 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за насочено образование.

Минуваме на **точка 5** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

**СТОЈАН АНДОВ:(**продолжение)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно воспита- ние и образование.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали е некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали е некој против ? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, да не остане сосема празно ова наше противење на носењето, односно усогласувањето на овие измени на Законот со прекршување на законот за прекршоци. Да кажам само дека нашето противење на ова усогласување се однесува затоа што сметаме дека овие измени значат преголемо оптоварување за тоа што значат прекршок. Ваков случај имавме и со Законот за безбедност во сообраќајот каде што казните еднаш ги зголемивме енормно многу и сега

имаме извештај каде што се заклучува дека поради тоа што казните се енормно високи не може да се реализираат. Истото само да ви служи на знаење дека истото и сега го правите со тоа што ги усвојувате овие измени, казните ги зголемувате толку да не можат да бидат реализирани. Само да потсетам дека на пример сега се предлага казните да изнесуваат од 1/5 до 3,4 и 5 плати и тоа еден вработен треба тоа да го сноси. Јас не знам од каде илузија дека такво нешто ќе може да се реализира, или пак се смета дека со тоа што ќе се донесе законот ќе се испратат сите по затвори и не знам што, тоа е начин на реализирање, тоа ќе биде тоа. Но, во секој случај должност ми беше да излезам, да образложам зошто ние се противиме на овие работи кога во Законот за безбедност на сообраќајот имаме предлог за снижување на истите, а овде се оди со обратното. Мислам дека во најмала рака се постапува не принципиелно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (73 пратеници)

Дали некој е против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека собранието го донесе Законот за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон.</u>

Овде нема предлагач.

Предлагам сега да не го разгледуваме, Да го информираме точно кога ќе се разгледува овој закон, да дојде да го брани, инаку ќе го разгледаме во негово отсуство.

Дали се согласувате? (се согласуваат)

Минуваме на **<u>точката 7</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставено, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам- претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба.

Кој е за, молам да крене рака? (71"пратеник=

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен,

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? ( 70 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 и на член 4 став 2.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

И двата Амандмани се прифаќаат од причина што тие се од редакциски карактер.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Овој Амандман се прифаќа. Министерот однапред го прифати и следниот Амандман на член 4 став 2,поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? /никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање:

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени...

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба. Молам кој е за нека крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против ? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претресе по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Симон Наумовски поднесе амандман за менување на член 6 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на пратеникот Симон Наумовски се одбива, од причини што со него се навлегува во материјалните одредби, а овде станува дискусија, односно усогласување само на казнените одредби. Со други зборови кажано, станува збор во амандманот за одговорност на инспекторите, а тоа е уредено со Законот за органите на управа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба.-

Минуваме **на точката 9** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразните болести што ја загрозувата целта земја со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.,

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуваат целата земја.

Кој е за, молам да крене рака (72)

Дали има некој против? /никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? /никој)

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање( никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести што: ја загрозуваат целата земја.

Минуваме на **точката 10-** Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести.

Кој е за, молам да крене рака? (73) пратеници.

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? /никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2 и за додавање нов член 1-а.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ**

И двата амандмани се прифаќаат од причина што со нив се врши usогласување на паричните казни со Законот за изменување на Законот за прекршоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи и следниот амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? /(никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести.

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело.

Минуваме на **точката 12**- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени од- носно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

VIII/2.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човековото тело заради лекување.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување.

VIII/3.-

Минуваме на **<u>точката 13</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Работните тела на Собранието Ви се доставени однос- но поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

VIII/4.-

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за прекинување на бременоста.

Минуваме на **<u>точката 14</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени :односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството.

Минуваме на **точката 15** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

VIII/6.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството.

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање.(Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството.

VIII/7.-

Минуваме на **<u>точката 16</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривични предмети помеѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени од- носно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривични предмети помеѓу Република Македонија и република Хрватска.

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на називот на законот и на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на законот и на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Го прифаќа овој амандман Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривични предмети помеѓу република Македонија и Република Хрватска.

Минуваме на **точката 17** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на република Македонија и Владата на Република Хрватска за потпишување и взаемна заштита на вложувањата, со Предлог на закон.

VIII/9.-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата ка Република Хрватска за потпишување и взаемна заштита на вложувањата.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

VIII/10.-

Отворам претрес по текстот на Предлог на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на називот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Бидејќи се работи за подобрување на насловот Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на називот на законот поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор " (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на називот на законот, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Исто и тој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против( Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Ве молам да утврдите точен број на пратеници во салата.

(Службата ги пребројува присутните пратеници во сала).

63 пратеници се присутни, 4 не гласале, според тоа имаме мнозинство пратеници во салата.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за потпишување и взаемна заштита на вложувањата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **18 точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговија и стопанска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговија и стопанска соработка.

Кој е за, молам да крене рака. (60 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Молам да го утврдиме бројот на присутни пратеници, бидејќи имаме само 60 гласа. Да видиме дали има присутни кои не гласале. 65 пратеници се присутни.

Ве молам, гласајте, инаку ако се сомневам ќе мора да одиме на поединечно гласање.

Гласајте, ако не се согласувате, гласајте против ако се согласувате гласајте "за", воздржете се, меѓутоа во сала сте и треба да се изјаснувате.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (65)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно -правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на1 Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес со текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговија и стопанска соработка

Минуваме на **точката 19** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос од данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за молам да крене рака. (66)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен. Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (67)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ЗПК поднесе амандмани на член 1 и на член 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Минуваме на **точката 20** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Кој е за молам да крене рака. (66)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (65)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се -произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам кој е за молам да крене рака. (65)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Минуваме на **точка 21** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Кој е за молам да крене рака. (66)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претресе по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на називот на член 1 и на член 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на законот и на член 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Минуваме на **точката 22** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на културата меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работине тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на културата меѓу Република Македонија и Република Турција.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (63)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ЗПК поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (62)
Дали е некој против? (не)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Протоколот за соработка во областа на културата помеѓу Република Македонија и Република Турција.

Ве молам, сега имаме два закона по кои треба да расправаме а тоа се точките 23 и 25, немаме овластен претставник од Владата. Претставникот на Владата е во странство. Тогаш да ја одложиме расправата по овие две точки.

Минуваме на **точката 25** - Предлог на одлука за потврдуваше на годишна програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1995 година.

Предлогот на одлуката, Годишната програма, извештаите на работните тела на Собранието, предлозите на пратеникот Џеладин Мурати и пратениците Кире Видимче, Слободан Најдовски, Ристо Николовски, Александар Гештаковски и Алил Џаферовски, како и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Пратениците Даме Милошевски, Здравко Стојковски, Александар Јакимовски и Мирко Ивановски, тие пратеници исто доставија амандман во точка 5 кој исто така е поделен.

Отворам претрес. Годишната програма за изградба. одржување и реконструкција на магистралчната и регионалната патна мрежа во РМ за 19 95 година ја донесува Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, а Собранието на РМ ја донесува одлуката за потврдување на Годишната програма.

Според тоа, по предлозите за изменување и дополнување на Годишната програма, Собранието нема да се произнесува, туку тие ќе послужат при одлучувањето на пратениците.

Молам, кој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Имајќи го предвид значењето на оваа програма, односно Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на магистралните и регионалните патишта која што денеска ни е понудена, истото тоа значење треба да го гледаме од 3 аспекта.

Првиот аспект е од висината на средствата кој што се тука предвидени за следнава година, се работи за сума од околу 130 милиони марки, а самите знаеме во каква ситуација се наоѓаме овој период на преговори, како доаѓаме до тие средства од меѓународните институции.

Вториот аспект е сообраќајната поврзаност на Републиката како внатре во Републиката така и во однос на соседите и третиот аспект е ангажирањето на градежната оператива во нашата Република.

Поаѓајќи од значењето на овие аспекти, неоспорно е мислењето дека програмата треба да ја потврдиме, а со тоа навремено да отпочнеме со користењето на овие финансиски средства и да го

задоволиме аспектот на ангажираноста на градежната оператива која што во нашата Република се наоѓа во една тешка ситуација. Тоа е ако го гледаме значењето на тие аспекти. Меѓутоа, ако погледаме за колкава сума на пари се работи, и за начинот на распределбата на тие пари, веднаш се поставува другото прашање за начинот на нивното трошење и веднаш се поставува вториот дел на прашањето дали навистина треба да ја потврдиме оваа програма. Имено, сметам за да можеме со чиста совест да кренеме два прста за оваа програма на пратениците требаше да им биде доставено и извештајот за потрошените средства од минатата година за тоа за кој патни правци се граделе. Ако добро ја погледаме втората страна на оваа програма, односно расходната страна ќе го забележиме следното.

Х/1.-ДВ/МЛ

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За инвестиционо одржување следнава година се предвидени 646 милиони денари.

Во самото образложение на Програмата речено е дека трошењето на парите за инвестиционото одржување ќе биде проследено со Финансискиот план на Републичкиот СИЗ за патишта, односно со неговата детална распределба. Ако се бара од нас пратениците да ја потврдиме оваа програма, тогаш треба да знаеме каде точно тие 646 милиони денари ќе се потрошат. Ова не би требало, барем спрема мене, да се сфати како недоверба спрема оние луѓе кои одлучуваат за трошењето на тие пари, туку треба да се сфати како еден принципиелен пристап кон начинот на трошењето на парите во државата.

Второто прашање е во однос на расходите. По делот два имаме инвестиции.

Прашањето кое логички се поставува тука е прашањето за критериумите од кои се водела Републичката СИЗ за патишта за определување и давање приоритет на патните правци кои овде се насочени. Имено, може да се види дека приоритет се дава на правците Тетово- Гостивар; автопат Хиподром - Миладиновци; Кичево - Ботун и Македонска Каменица - Калиманци. Логично е тука да се запрашаме врз кои аргументи се водела Републичката СИЗ за патишта.

Прво, ако е тоа фреквенцијата на сообраќајот треба да ни се образложи. Ако е прашањето од потреба на транспорт, на зголемено производство на стоки во овој регион и тоа нека ни се образложи би го прифатил. Но, јас сметам дека тешко ќе се изнајдат за тоа аргументи.

Посебно се поставува прашање во овој дел за инвестиции за запоставување на правецот Титов Велес - Прилеп преку Бабуна. Јас се согласувам со фактот дека во зависност од расположливите средства

кои ги имаме во државата и така треба да се однесуваме, но си го поставувам и следното прашање: Врз основа на што многупати досега нагласувавме, а посебно во последните месеци од минатата година дека треба да му се даде приоритет на овој пат. Логично со тоа се поврзува уште едно прашање. Она што досега во изминатите години во Републиката се молчеше, со оваа програма се промовира, а тоа е официјално промовирање на коридорот Исток - Запад кој по две варијанти кои во изминатиот период постојано се спомнуваа, сега конечно преку оваа програма што ја имаме од Републичката СИЗ за патишта тој коридор е промовиран да оди по западната страна Тетово – Гостивар – Кичево - Струга.

Го поставувам пречкањето врз основа на кои критериуми се одлучивме коридорот Исток - Запад да минува по овој правец. Дали уште еднаш не се доведуваме во ситуација како со железничката пруга. Останува надвор поврзаност на регионот Прилеп – Битола – Ресен - Охрид вон поврзаноста со Републиката, а со тоа останува слабата поврзаност и со северниот дел на Грција, оној дел што гравитира спрема Битола затоа што сега со постоечкиот пат што е Прилеп – Ресен - Охрид. не постои поврзаност на тој пат со магистралниот пат со Грција, туку мора да се врви низ тесните улички во Битола за да се стигне до царинскиот терминал што сега се прави.

Многумина ќе речат дека ваквиот мој пристап е од некој локалистички регионален интерес и се согласувам со нив дека е така, затоа што поаѓам јас како они што пошле кога ја изготвувале оваа програма од тој нивни локалистички карактер за коридорот Исток - Запад.

Јас на крајот би рекол и следното: Појдовните решенија што се нудат со тој коридор ќе покажат дека регионот од Велес – Прилеп – Битола – Ресен – Крушево - Демир Хисар ќе остане исклучен. Тоа е

првото прашање. Второто прашање е дека изгледа ќе продолжиме како со она што вчера го направивме кога го носевме Законот за санација и реконструкција на банките, затоа што вчера тој регион го исклучивме да има јака банка, а тоа ќе се докаже во наредниот период, сега истото го правиме и со овој пат. Од овие причини, се додека бараните документи што ги наведов не ги добиеме и кога оваа програма нема да биде поиздржана, сметам дека Собранието не треба да ја потврди оваа програма.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Програмата за изградба на патишта во Република Македонија во текот на 1995 година, во која е влезен и патот Кочани - Македонска Каменица - Делчево, мислиме дека треба да се надополни и со проектирање и изградба на заобиколен пат преку Македонска Каменица.

Како што знаете во тек е изградба, односно реконструкција на делницата од патот Кочани - Македонска Каменица - Делчево на делот од Македонска Каменица до Калиманци што треба да заврши во текот на оваа година. Бидејќи делот од магистралниот пат Кочани- Делчево што минува низ Македонска Каменица со сегашното решение и состојба и натаму ќе остане слепо црево, односно црна точка, потребно е да се прифати оваа измена и да се направи заобиколниот пат. Патот минува низ централниот дел на Македонска Каменица со широчина на коловозот од 5 метри, со многу остри кривини и непрегледност на раскрсниците. По целата должина низ градот претставува и градска улица и речиси не е можно поголемо проширување, што за истото се однесува и за мостот преку Каменичка река. Од овие причини патот е преоптоварен, особено со отворањето на патниот правец Исток - Запад и нема никаква безбедност во сообраќајот,како на возачите, а уште повеќе на пешаците,

односно граѓаните и учениците на Македонска Каменица. Затоа е потребно да се направи проект, односно да се изготви документација а потоа да се пристапи кон изградба на заобиколниот пат. Неговата изградба треба да се изврши заедно со реконструкцијата на овој пат, Македонска Каменица - Калиманци. Во спротивно џабе ќе бидат квалитетни правците спрема Кочани и внатрешно та, односно Делчево - бугарска граница кога преку Македонска Каменица не може да се помине. Инаку ја поддржувам Програмата, сигурно дека малку сите постапуваме и од локалистички карактер. Не ми се допадна дискусијата на претходниот дискутант кој заправо дискутираше за овој правец, кој навистина е правец од меѓународен карактер. Место да се заложиме да се санира и делот што минува преку Каменица Македонска, тој напаѓа.

Да не излегувам повторно, потписник сум на амандманот што го поднесовме во врска со патот преку Тораница, односно врската Саса - Тораница, т.е. Делчево Крива Паланка. Само за ваша информација, остануваат некаде 11-тина километри кои пред 7-8 години кога се градеше Тораница делот од таму беше завршен, делот од кај Делот беше исто така завршен, останаа 11-тина километри, а овој пат го скратува заобиколувањето од Крива Паланка- Д елчево скоро за 100 км. и мислам дека може да се изнајдат овие средства ова да се дозаврши, пред се комуникацијата Крива Паланка - Делчево, односно Саса - Тораница а и патот е блиску до границата па од аспект на безбедност тука може да минуваат и патролите. Затоа мислам дека треба да се има предвид и во најскоро време и овој пат да се дозаврши.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Гледајќи од денешен аспект може слободно да се констатира дека во досегашното

планирање и изградба на патната мрежа во Република Македонија малку се водело сметка за нејзиниот рамномерен развој. Во планирањето на новите сообраќајници секогаш се сакало да се протежира одредена замисла и во тие моменти се промовираше поимот за економска исплатливост..

Сега во оваа програма, со оглед на тоа што изразито се фаворизира одреден правец за сметка на останатите, посебно се искажува мислењето на изготвувачите на оваа програма дека патниот правец Титов Велес - Прилеп или е економски неисплатлив или недај боже, свесно се фаворизира одреден регион во Македонија во однос на другите региони.

Што се однесува до патниот правец Титов Велес - Прилеп, состојбата е следна: Патниот правец Титов Велес - Прилеп е правец кој со современ и квалитетен пат треба да го поврзе главниот град на Република Македонија со јужниот регион на нашата Република. Самиот поим јужен регион не значи многу, но тоа се пред се шест општини во кои живеат од 250 до 300 илјади жители, за кои жители овој патен правец претставува животен интерес. Кога се вели животен интерес, пред се се мисли на тоа дека овие шест општини сега се поврзани со останатиот дел на Македонија, па и со светот преку постоечкиот пат кој врви преку Плетвар, а за кој сите знаеме дека веќе одамна си го отслужил своето, односно тој пат ни од блиску не ги задоволува денешните норми и стандарди за квалитетно, брзо и сигурно патување. Со новиот патен правец кој всушност веќе е и започнат, растојанието од Прилеп до Титов Велес значително се скратува. Покрај тоа скратување, со новиот патен правец ќе се добие и додатно временско скратување при патувањето бидејќи по новиот пат ќе се овозможи патување во сосема други услови.

X/6.-

Ако фигуративно сообраќајот се сфати како крвоток на еден организам, тогаш станува појасно дека ќе живеат и ќе се развиваат оние делови од организмот кои содржат изграден систем на крвни садови, односно патишта, а ќе атрофираат и ќе се отфрлаат оние делови каде системот не е изграден или е запуштен. Ова го истакнувам заради следното:

Во досегашниот период на патниот правец Тетово - Гостивар веќе е многу инвестирано и уште повеќе и оваа година за тој правец се предвидени цирка 40% од вкупните инвестиции за 1995 година со оваа програма. Од друга страна за тој патен правец е добиен и кредит од Светската банка, додека за патниот правец Титов Велес- Прилеп или за некои други алтернативи кој за овие шест општини би им донел современо поврзување, не станува збор. Средствата кои со оваа програма се предвидуваат за патниот правец Титов Велес- Прилеп се само 4% од вкупната вредност на инвестициите предвидени со Програмата. Слободно може да се рече дека сумата што е предложена е симболична и никако не соодветствува со значењето на овој регион, овие жители како и стопанството од овој регион. Ова уште повеќе што во овој регион се наоѓа најголемата житница на Македонија, најголемиот енергетски објект на Републиката, туристичките комплекси Пелистер, Преспанско езеро и др. Исто така, овој патен правец претставува и можност за побрзо развивање на ридско - планинските и пограничните предели со кои овој регион изобилува и за чие унапредување и развивање Република Македонија уште многу одамна има заземено конкретни ставови. За жал досега се инвестирало во одредени региони, несразмерно повеќе отколку во други, а некои останале и заборавени.

Според досегашната применувана логика за економска исплатливост на инвестициите, тие и натаму ќе се пласираат во региони

и патни правци каде има интензивен сообраќај со што се навлекува уште поголем сообраќај, туку се дава импулс за појачан севкупен развој на одделни подрачја за сметка на што премолчено се дозволува процес на тивко изумирање на одделни региони во нашата држава. Најочигледен пример за оваа појава е тоа што се случи и што се случува со Мариово, односно тоа дека повеќе села веќе се иселени или пак ако има некој останато тоа воглавно се постари луѓе. А зошто тие и би останале во тие денес празни простори кога комуникацијата со најблискиот град им е крајно проблематична, а во некои периоди од зимата и тотално прекината. Големо прашање е дали ќе беше така до колку на време беше изградена соодветна комуникација низ овој регион која гледа на само низ таквите наречени сообраќајни критериуми некогаш и денес би била неисплатлива. Истото ова се однесува и на просторите во Титовелешка општина, односно Чашка, Азот, Богомила бидејќи патот би требало да ги поврзе и нив. Сличната судбина со Мариово веројатно следува и таму, доколку помине оваа програма. Во просторното планирање за таквите случаеви се користат поимите полови и оски на развој. Значи ли тоа дека ние свесно сме се определиле за планско развивање на таквите полови и оски на развој за сметка на оние региони од нашата држава кои еве не ги исполнуваат тие критериуми па се осудени на стагнација, а во некои случаеви и на тивко изумирање. Дали таквиот досегашен начин на инвестирање не доведе, меѓу другото и до енормниот пораст на Скопје со огромна концентрација на производни капацитети,заради што денес Скопје најчесто се гуши во загадување, како и до неконтролирана урбанизација на втората по големина англомерација во нашата држава што се протега на падините меѓу Шара и Тетово и Гостивар. Ако и натаму се продолжи со такво еднострано гледање на работите, тоа неминовно ќе доведе до прогресивно инвестирање во одделни региони но и до

мултиплицирање на проблемите во тие региони.

На крај, според податоците од последниот попис на регионот во овие шест општини, споредувајќи ги резултатите со претходниот попис има многу мал прилаз, да не речам и реално опаѓање на бројот На жителите, наспроти појавата на демографски бум во регионите кои ги поврзува патниот правец Тетово - Гостивар.

Со ова во потполно се потврдуваат претходно изнесените ставови. Би прашал дали е тоа потребно, особено навремено кандидатите на Сојузот за Македонија, да ги потсетам дека Сојузот го вети овој патен правец на жителите од овие општини и тие со право го очекуваат тоа од нив. До колку сакаме во очите на жителите во овие општини да го зачуваме реномето на сериозни граѓани, неопходно е да се потсетиме на своите ветувања и уште повеќе да ги реализираме.

Со цел и на овој регион му се даде шанса да преживее и да се развива, предлагам Собранието, односно пратениците да не ја потврдат Програмата со што ќе се даде можност за нејзина корекција.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, исчитувани пратеници, пред да изнесам некои барања што сакам да се вклучат во програмата што е на дневен ред да кажам неколку зборови што не ги слушнавме од другите. Јас, најпрво ќе ги поздравам успесите што ги постигна СИЗ-от за патишта во изминатиот период во изградбата, одржувањето и реконструкцијата на магистралната патна мрежа во Републиката.

Ценам дека успесите се уште поголеми ако се знае во какви услови работите сите заедно.

По однос на понудената Програма една мала забелешка во расходниот дел е направена една грешка, онаа што ни е понудена, испуштени се три нули. Тоа може да се исправи.

Што се однесува до она што сакам да се уврсти во Програмата е прашањето на проектирање на патниот правец Маврово - Блатоу Зошто ова го поставувам? Не барам сега да се обезбедат средства за тоа за да се тој изгради бидејќи јасна е состојбата со која маса на средства располагаме,меѓутоа мислам дека во точката останало, има предвидувања дека можат да се извршат одредени проектирања. Па затоа барам да се има предвид и СИЗ-о:т:да обезбеди дел на средства за проектирање на овој патен правец. Тоа го барам од причина што, како што е познато, тој се поврзува со магистралата сега Тетово - Гостивар, односно Скопје и со патниот дел што оди и кон Грција и кон Бугарија. Мислам дека тоа прашање го поставив порано, но добив одговор дека нема доволно фреквенција. По мене одговорот не држи толку. На прв поглед е одржлив, меѓутоа ако се анализира подлабоко, тогаш тој одговор е неодржлив од причина што фреквенцијата треба да се бара и во условите. Верувајте, сега оној кој го минува тој патен правец Маврово-Блато ќе се соочи со доста големи проблеми. Се работи за пат од 5

метри широчина,а сега  тој патен правец е доста проодлив и не можат да се разминат две потешки возила. Заради тоа мислам дека треба да се обезбедат такви средства и да се овозможи изградбата, односно проширувањето во една од наредните години.

Благодарам за разбирањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сите тука ќе дискутираме малку локалистички, бидејќи припаѓаме на некој правец. Така, јас доаѓам од општина Свети Николе, а добар дел од вас не знаат -дека граничи со општина Скопје. За ваше информирање патниот правец Свети Николе Скопје, ако се оди по новата траса е 40 километри. Сега се оди 80 и нешто километри. Во еден^два правци се заштедуваат некаде 80 километри. Тоа не е малку, и посебно ова нека биде мала провокација за пратениците од Источна Македонија, бидејќи се скратува патот за сите населени места во Источна Македонија преку патот Свети Николе - Скопје.

Барам овој патен правец да влезе во проектирање, бидејќи онаа историска неправда што е направена 50 години, бидејќи општина Свети Николе е во центарот на Македонија да се ревитализира целата е голем минус. Сега да се погледаат селата, тоа се само старци, руинирани и уништени села. Може да се размислува дури за една "зона на светлост", Свети Николе да биде предградие на Скопје. патниот правец да биде 40 километри бидејќи Драчево - Скопје е 28 километри. Тоа е за размислување.

Тоа што друго сакам да потенцирам и што остава место за сомневање е делот на прибирање средства, односно дел на зафаќање

од моторните деривати, делот на акцизите. Делот на акцизите се намалува од 29% на 19%. Никаде во програмата не стои или е тоа прашање до Владата каде се средствата од 10% од акцизите. Каде се тие? Искористени, пренаменети, ги нема, потрошени! Мислам тука треба.

Она што сакаме секогаш да копираме, велиме вака се работи на запад, за тековно инвестиционо одржување на патната и магистрална, регионална мрежа, мањкаат пари. Тука треба да се лоцира проблемот, бидејќи велиме дека во Германија се издвојуваат некаде 54-60%. Кажуваме дека во Италија е 30%. Како може да градиме? Каде да ги распределиме тие сто милиони марки? Каде? Секој ќе настапува регионално, локалистички. Секаде требаат патишта. Каде побрзо? Акцентот треба да се стави каде се овие средства и зошто се< намалени од акцизите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ќе бидам сосема краток, Комисијата за градежништво и урбанизам му предлага на Собранието да донесе одлука за потврдување на Годишната програма, после обемната и содржајна расправа. Јас би потенцирал само неколку битни работи.

Беше ставена забелешка дека во иднина, кога СИЗ-от за патишта ќе се јави во улога на предлагач на ваков и слични документи треба да пристапува малку повеќе сериозно во смисла на тоа да дава поголема аргументација за предложените решенија за тоа што ни е понудено.

Сепак не може да се стекне впечаток дека се тие најсоодветни решенија. Исто така, да се дадат компаративни показатели за тоа како се реализирани средствата од претходната година, односно што било планирано а што било реализирано.

XI/4

За сметка. на тоа што го зборуваше Слободан Даневски, и јас го поставувам отворено прашањето до Владата и ДОЈ надлежното министерство како е дојдено до тоа ставката од акцизите која се собира од цената на нафтените деривати да се смали од 29% на 10%, а не 19% како што рече Слободан,значи уште подрастично опаѓање што значи вкупниот прилив на средства во Фондот за изградба и одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа е ужасно смален во однос на некој претходен период. Споредбените показатели со други држави би биле следни, дека средствата што по тој основ се издвојуват во Германија изнесуваат 56% од акцизите, а во Италија 38%.

Што се однесува до дилемата околу патниот правец Титов Велес - Прилеп преку Бабуна, јас ќе го искажам своето уверување дека не сакам да верувам дека идејата за изградба на овој пат беше само маркетиншки,изборен и пропаганден штос за да се соберат поеми пред изборите, затоа што делува малку несериозно што на тој патен правец, таму каде се започнаа работите има само неколку градежни: машини. Самиот факт што изградбата на тој патен правец се почна од петља а не се почна од најголемите објекти, како што секаде се прави така или со тунел или со голем мост се започнуваат градежните работи аз да може динамичкиот план на време да се реализира. Овде се постапи обратно, се почна од петља. Повеќе би препорачал, доколку тие средства што се предложени, затоа што се навистина мали, да се искористат за изготвување на завршување на проектнанта документација, пред се на главниот проект, а тие машини што и онака таму ништо не можат да завршат работа, поарно да ги повлечат отколку да бодат очи покрај автопатот.

Еве толку, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Паунов.

XI/5

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господо, програмата за регионалните и магистралните патишта, како и одржувањето на патиштата мислам дека се сеопфатна целосна, во границите на можностите на расположливите средства е и направена и мислам дека не би требало никакви промени, дополнувања и измени, целосно овака како што е да се прифати, бидејќи градежната оператива почнува да работи од 1.01.1995 година. Веќе три месеци изминаа, Програмата не е донесена иако таа беше ставена на дискусија на сите општински собранија и на сите субјекти кои учествуваат во изготвувањето, донесувањето и предлагањето на ваквата програма.

Ги ценам предлозите што беа дадени да бидат земени предвид во наредниот период во граници на можностите на расположливи средства, каде што има услови и можности да бидат тие земени предвид.

Тука сакам да напомнам уште за заобиколниот пат село Истибања-Виничко каде што е прилично отежнат сообраќајот, а исто така и за Каменица би рекол, меѓународен пат, каде што е отежнато. Можеби стои во при приоритетни задачи за наредната година. За оваа година мислам дека нема да има можности.

Во однос на приходниот дел исто така се залагам да се изнајдат средства по било кои основи, да се зголемат, не за дупло, туку многу повеќе за пет и десет пати да се зголемат иако Македонија, може да се пофалиме, Интересната заедница за патишта дека Македонија доби убави добри патишта, меѓу најдобрите сакам да кажам од паренишна Југославија што ги има,меѓу најновите. Особено зимското одржување, одржувањето на патишта воопшто, зимското одржување особено можеме да се пофалиме и да кажеме дека без застој и претходните години и оваа година во сообраќајот немаме некои проблеми и потешкотии што е се на добрата организација на оваа организација.

Предлагам да ја прифатиме Програмата како што е дадена на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, континуитетот во одржувањето и реконструкцијата и^изградбата на магистралната и регионална патна мрежа во земјата се обезбедува преку Годишната програма за изградба,одржување и реконструкција на магистралната и регионална патна мрежа. Приходите по основ на надомест за патишта се во рамките на тоа што е предвидено во буџетот. Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција ја прифаќам, но не го прифаќам мислењето на Владата дека потребите за изградба на патниот правец Титов Велес Прилеп, мислење дека се реални и оправдани, нормално дека се реални и оправдани, меѓутоа не се согласувам со мислењето на Владата дека со обезбедување на оваква минимална сума во Годишната програма сметам дека се јавува потреба од една подетална информација од страна на Владата и ресорното министерство за динамиката за градба на*овој патен правец и реалноста, неопходноста секако и роковите за динамиката на изградбата на овој патен правец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Драган Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас на минатата седница кога беа поставувани пратенички прашања постчавив пратеничко прашање зошто во програмата за СИЗ-от за патишта за оваа година го нема патниот правец Ранковце - Куманово- Крива Паланка

односно од патниот правец до Крива Паланка - Деве Баир. Мислам дека од пошироко републичко значење е изградбата на овој патен правец и користам можност со присуство на секретарот на РСИЗ за патишта и министерот за сообраќај дека е од интерес за македонската јавност да се изнесе зошто овој патен правец е изоставен, бидејќи според мое мислеше, според многу други мислења, ние мораме да изградиме патишта за кои што се од меѓународен интерес за Македонија. Овој патен правец е клучен за сообраќајот во Македонија и без него навистина би бил голем промашај ако е изоставен од некои други причини. Бидејќи,сите останати патишта што се предвидени во програмата за оваа година, така да кажам, се повеќе од локален карактер, освен патиштата што имаат за врзување до Кафасан, со Албанија и кој, според. .мене не е од приоритетно значење. Да не ни се случи онаа стара приказна што беше до сега, сега тоа што е со пругата и големите губитоци во сообраќајот сега што ги трпиме поради ембаргото од Грција, сакам тука да излезе секретарот или министерот, да објасни, ако е тој изоставен поради коридорот Исток - Запад што треба да се гради, поради тие причини да не се гради, треба мислам да знае македонската јавност и да каже до каде е со реализацијата на коридорот Исток - Запад на таа програма, до каде е таа програма. Во која фаза се наоѓа дали сме во тек на таа работа, дали е во изготвување, во некои подготовки во меѓународните финансиски институции за финансирање итн. или пак е изоставен поради некои други причини. Навистина да можам да поддржам оваа програма, овие работи мора да ни бидат јасни.

Јас доста патувам и Македонија мора да ги изгради и осовремени меѓународните патишта ако сака да стане меѓународна држава. Да изгради меѓународни аеродроми онака како што треба за да може од секаде во Македонија да долетуваат авиони итн., извинете сега тоа не е малку во врска со оваа програма, меѓутоа клучните прашања, а сите

локални ќе дојдат понатаму за реализација. Мислам дека овие патишта дека не треба да се изградат што се предвидени во Програмата тие треба, меѓутоа приоритет треба да има арументацијата зошто. Бидејќи Македонија целото работење на целото стопанство, целото движење е сврзано со овој патен правец. Ако тој не се осовремени и ако не се изгради, навистина многу штети ќе се претрпат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседтеле, господа пратеници, ја користам можноста да укажам на следното:

Магистралниот пат Гостивар - Тетово- С копје, практично завршува во населба Влае, во Порта Влае. Решенијата што се веќе готови, предвидуваат заобиколница и некористење на БУЈГ "Горче Петров" каде се случуваат големи несреќи. Можам слободно да кажам дека секоја недела или секој месец имаме по една трагедија.

Мое залагање е СИЗ-от,Фондот да размисли, преземе мерки размисли за издвојување и да издвои средства за да можеме тој заобиколен пат кој е веќе испроектиран и да се реализира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, драги пратеници,во однос на програмата за изградба, одржување, реконструкција на магистралната и регионална патна мрежа во Републиката со изградбата на магистралниот пат М-26 Охрид – Ресен - Битола, беше предвидено клучка да се изгради кај село Кажани и тоа на инсистирање и барање на месното население од селата Гавато, Кажани, Лера, Доленци, Валоиште и општина Битола.

XI/9

Направен е проект за клучката кај село Кажани уште во 1992 година. Истото беше предвидено со изградбата на Годишната програма, за финансирање на планот за 1993 година, но до денеска не е изградено. Оваа клучка е од огромно значење за економското поврзување на овој дел со магистралниот пат Битола - Ресен и Охрид, а посебно е важноста и од безбедносни околности, оти сите села излегуваат на тој магистрален пат по споредни патишта, што го загрозуваат движењето на возилата по магистралниот пат.

Сметам дека со оваа програма за 1995 година би требало, овие не се некои големи средства, да може оваа клучка да се заврши. Тоа е првото барање.

Во однос на второто барање, односно како потписник на амандманот со група пратеници од Либералната партија, исто така и од Социјалдемократскиот сојуз за патниот правец Титов Велес - Прилеп, да не би станал повторно по однос на ова прашање, кога по амандманот ќе се дискутира, разгледувајќи ги средствата што се доделени мислам 48,во однос на ова, милиони денари,тоа се средства стварно мали за важноста на овој патен правец. Имајќи ја предвид само Пелагонија, ако ја посматраме која што со годишно производство од преку 100 илјади тони на производство се појавува, а кое производство од Пелагонија се транспортира во сите делови на Македонија, мислам само тој како еден податок доволно зборува колку е важно за изградбата на овој патен правец.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Еден друг пример би посочил патувањето до Битола до Росоман од час и половина, а од Росоман до Скопје за половина час. Тоа доволно зборува колку е битна важноста на овој пат. Важноста на овој пат сепак треба да се цени и во нешто друго дека покрај излегувањето на Гевгелија и тој дел кон Грција, мислам дека патниот правец односно преминот Меџитлија кој, надевајќи се дека сепак ова ембарго мора да се пушти, тој патен правец е од огромно значење и за излез на Македонија кон солунското пристаниште. Всушност, половина од Македонија е тој дел, па и западниот дел најверојатно имајќи ја предвид близината дека ќе гравитира на тој излез.

Уште еднаш да речам дека треба да се соберат сили да се најдат решенија, не сум за некои правци кои се предвидени да се ускратат, меѓутоа, мора да се најде решение и начин овој патен правец е навистина од огромно значење не само за тој дел од Македонија, туку воопшто за цела Македонија и треба и мора да се почне да се гради.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, гледајќи ја програмата за патната мрежа на Република Македонија морам да поставам неколку прашања, а должам одредени објаснувања во врска со централната магистрала која долго години се заговара дека треба да биде правена, почна да се прави, но гледам дека со Програмата е запоставена.

За значењето на овој пат доста се зборуваше, но морам да кажам она што не се кажа овде. АЈСО почнеме од отварањето на премините спрема Исток она што значи премин Берово - Делчево и целиот сообраќај од Источна Македонија, а сигурно и од соседна Бугарија кој се

одвива преку сегашните изградени патишта од Титов Велес, а треба да продолжат спрема Западна Македонија Битола, па и како претходникот што кажа отворање на границата спрема Меџитлија - Грција и онаа спрема Преспа и Север има огромно економско значење.

Не сум стручњак по овие прашања, но од разговори на стручњаци сметам дека заштедата само на амортизацијата на возилата и горивото ќе дадат голем придонес во изградбата на овој пат. Морам да напомнам уште нешто дека централниот дел на патот кој минува низ територијата на Велес, а и пошироко во другите општини поврзува многу населени места, а исто така блискоста спрема делот Македонски Брод - Крушево, Кичево исто така има огромно значење во делот на заштедата и во енергијата на превозните средства и во делот на амортизацијата.

Морам да напоменам дека во делот каде треба да мине оваа магистрала моментално живеат преку 20 и неколку населени места само на територијата од општина Титов Велес, тоа се места кои заради недостиг на одредени патишта се во процес на изумираже, а има услови да се ревитализираат како селски населби кои не би вршеле притисок на градовите. Морам да ви речам дека за да овие луѓе се снабдат со гориво им требаат 50 километра да дојдат до град да земат гориво и назад уште 50 километра што значи дека она што треба да го стават во резервоар ќе треба да го потрошат со нивното доаѓање. Заобиколните патишта кои сега ги користат, а во тој дел на општината живеат преку 15 иљади население кое мора да оди за Титов Велес, па преку Плетвар одат према Прилеп и Битола. Тука се огромни трошоци за патувањето на овие луѓе да стигнат некаде и завршат некоја работа. Неопходноста од овој пат се налагаше не од вчера туку од поодамна, но сега иако мислам дека

требаше да биде граден поинтензивно овој пат со Програмата се издвојуваат средства, ја не знам намената на овие средства единствено може само за довршуваше на некоја документација, сигурно нема да се издвојат средства да почне нешто да се гради. Ако има одредени објаснувања можат да ми се кажат и што е причината што толку малку се издвоени средства, а навистина оваа централна артерија која е и те како потребна на Република Македонија наместо да добие приоритет со оваа програма се става надвор од приоритетните патишта.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, голем број на претходни дискутанти дискутираа за значењето на патниот правец Велес -Прилеп ќе се обидам да не ги повторувам нивните дискусии, бидејќи на сите ни е познато од какво значење е овој патен правец. Но, едно ќе ве молам да се сфатиме и да не се сфати овој патен правец дека е од локален карактер, бидејќи на сите ни е познато дека сите го користиме во државата и оттаму произлегува со какви проблеми се соочуваме сите ние и пошироко.

Стариот пат Титов Велес - Прилеп претставува постојана опасност за личната безбедност во сообраќајот односно овој патен правец го има отслужено своето и оттаму во Годишната програма за изградба на патната мрежа со право е планиран нов патен правец Титов Велес - Прилеп преку Бабуна кој е веќе започнат и кој пат го поврзува јужниот регион на Републиката со главниот град при што навистина растојанието се скратува за половина час што значи многу, а многу би значело и по сигурноста на граѓаните од Републиката и пошироко, а уште повеќе за подобриот стопански развој на споменатите општини, развој на туризмот, а посебно би се регулирал транспортот на родот од најголемата житница

Пелагонија во државата до останатите градови во Републиката кој до сега беше голем проблем посебно преслапот Плетвар и со тоа би се регулирале ред други предности.

Средствата кои се планирани за овој патен правец очигледно насочуваат на изградба на долг временски период на неизвесност а со тоа и пролонгирање. Очекуваните придобивки кои треба да се очекуваат со новиот пат и затоа во прилог на ова беше поднесен амандман кој регулираше посоодветна распредебла на средствата за изградба.

Го молам Министерството навистина да го има предвид овој патен правец што побрзо да биде изграден и со тоа затворен овој проблем.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, евидентно е како и во изминатите години оваа Програма предизвикува доста незадоволства односно бурни реакции од страна на сегашниот состав на Парламентот, а и претходниот. Исто така е евидентно без оглед дали се дава поддршка или не, работите си одат понатаму, зацртаните работи течат, се градат без оглед на сето ова. Во оваа прилика треба да аминуваме една програма која предвидува голема сума пари фактички една штура програма со штуро образложение без појасно образложение кој е приоритет каде и што затоа мислам дека оваа програма од овие причини не би требало да ја усвоиме сега, туку на една од наредните седници да се врати доработена и да ни се достави повторно. Инаку, овде не ми е јасно зошто називот на Програмата е за изградба и одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1995 година, зошто токму овде е предвидено учество за изградба на локални патишта и покрај тоа што

сметам дека треба да се предвидуваат такви средства прашањето е дали овде во оваа Програма и дали без никакво образложение оти овде се предвидени 219 милиони но каде и по кои критериуми ќе се делат овие средства односно ова учество во изградба на локални патишта.

Сметам барем за во иднина да се избегнат вакви незадоволства и вакви расправии, а Републичката СИЗ за патишта која се уште не е трансформирана треба да врши поишироки консултации со органите и телата на Собранието односно надлежните комисии со надлежните владини комисии како и со органите на локалната самоуправа со цел да се избегнат овие недоразбирања.

Од сите причини и ова што реков дека образложението е доста штуро дека треба да се аминува за една голема сума на пари без некое образложение на база на кои критериуми се дадени приоритетите сметам дека оваа Програма денеска не би требало да ја усвоиме.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Сфатливи се критиките и забелешките од сите дискутанти од оваа говорница по повод донесувањето на Годишната програма за изградба и одржување на патната мрежа во Република Македонија. Тоа укажува дека СИЗ-овскиот систем е навистина надминат и под итно треба во рамките на овластувањата на Министерството за сообраќај овој систем да се промени за да добие нова форма, нова функција во заживувањето на изградбата и одржувањето на патната мрежа во Република Македонија.

Како што реков сфатливи се критиките бидејќи во тој застарен модел на СИЗ-овско одлучување оваа годишна програма беше на јавен увид во сопствени органи кои, за жал, навистина очигледно дека не допреле до нас пратениците избрани од народот и затоа се овие наши

укажувања. Надвор од сето ова се нашите предизборни и изборни залагања кои ги нудевме на македонскиот народ во оваа проблематика.

Инаку, изградбата на патната мрежа во Република Македонија се одвива и натаму нормално со одредена динамика која и покрај годишните програми е зацртана со среднорочната програма така што ако не постоеше таква среднорочна програма изградбата на патната мрежа во РМ ќе требаше и во 1994 година комплетно да се стопира затоа што и Годишната програма за 1994 година во стариот Парламент не е ни разгледана ниту потврдена. Сите овие заложби за воведување на нови патни правци кои не се зацртани со среднорочната програма која ја има усвоено ова Собрание навистина не би требало да бидат зацртани и да се земат како мерила и критериуми за воведување во истата.

Друга забелешка од моја страна на самиот материјал кој ни беше доставен од Републичката СИЗ за патишта до ова Собрание материјал кој вредносно тежи 95 милиони долари, а за жал истиот е презентиран на неполни 4 страници пишан материјал кој навистина заслужува подлабоко образложение и поголеми аргументации -за истиот најповеќе поради тоа што во оваа Годишна програма свртена е и ставка каде Републичката СИЗ за патишта се задолжува пред меѓународните институции со одреден кредит, а исто така во расходниот дел од оваа Програма се спомнува и отплата на кредити кои се собрани наназад неколку години кои не се исплаќани така што навистина треба да се даде едно подебелено образложение кој е тој износ на отплата на кредити, кои се тие кредити и зошто до сега истите не биле отплаќани, туку сега се сврстени во оваа година со оваа Годишна програма. Инаку, износот на кредитот кој е добиен од Меѓународната банка за обнова и развој е

нешто помал од износот кој треба да се уплати во тие меѓународни институции кај кои до сега сме се залагале така што сите досегашни укажувања и од Републичката СИЗ за патишта и од новинарите, бидејќи тие информации ги објавуваме непосредно сега пред донесувањето на оваа програма дека тој кредит е исклучиво наменет за патниот правец Тетово- Гостивар навистина не би требало да добијат таква тежина на образложението.

Исто така гледано во приходниот дел ретроспективно враќано со Програмата која е реализирана за 1994 година се доаѓа до заклучок, овие податоци ги има изготвено стручната служба на Републичката СИЗ за патишта, приходниот дел од надоместок за патишта што се пресметува од наплата на цената на нафтените деривати пораснува во однос на 19 94 година, значи се планира да се потрошат повеќе нафтени деривати, се планира да се зголеми надоместокот од употребата на патиштата при регистрација на моторните возила за одреден процент, а не се кажува колку возила во Република Македонија подлежат на регистрација за што процентот на зголемување на износот со процентот на возилата и со процентот на последното зголемување на патарината при регистрацијата на моторните возила навистина не кореспондираат, додека ставките на надоместот што се плаќаат од странските моторни возила и наплатата на патарината, за жал, се намалуваат.

Навистина би требало да се каже кои се тие показатели кои беа водечки во прикажувањето на сите овие податоци за што вака испаѓа дека македонските возила ќе трошат нафтени деривати но не по македонските патишта.

XII/8.-

Исто така дискутабилна е ставката 5 за останати приходи каде со програмата за 19 95 година се предвидува ставка од 50 милиони, а со програмата за 1994 година беа предвидени 100 милиони и без никакво образложение кои се тие функции кои Републичката СИЗ за патишта ги обавува и остварува дополнителни приходи во вакви износи. Ова фрла основен сомнеж за самата структура на приходниот дел на финансиската програма на Републичката СИЗ за патишта која е доставена до ова Собрание.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Сите овие забелешки мислам дека се доволен аргумент претставникот од Републичката СИЗ-за патишта оваа програма да ја повлече за наново да ги преработат сите овие материјали, да ги преработат сите овие дискусии кои се водеа од оваа говорница како дополнение на таа јавна расправа која е водена во органите и тела кои најверојатно не функционираат во ново настанатиот повеќепартиски плуралистички систем во Република Македонија. Така што навистина да се воспостави една хармонија во рамките на среднорочната програма, во рамките на она што се заложува од нас пратениците, а тие заложби се пренесени нормално од потребите и на македонското стопанство и на граѓаните на Република Македонија. Навистина оваа моја дискусија е усмерена кон тоа навистина патиштата во Република Македонија да добијат една физиономија, физиономија на крвоток на оваа земја за да се збогати функцијата на државата, за да го издигнеме статусот на оваа држава и нормално со самото тоа и угледот на нашата држава пред европските земји.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ;**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Во 19 93 година е отпочнато со изградба на третата лента на магистралниот пат Титов Велес - Штип. Оваа лента е изградена, а останати беа уште тогаш не изградени 40 0 метри од оваа трета лента, со образложение дека нема парични средства и до ден денеска овие 400 метри не се доправени. Во годинашната програма за 1995 година во инвестиции не е наведено оваа трета лента да добие пари. И затоа прашувам дали СИЗ-от треба да најде средства овие 400 метри од оваа трета лента да бидат направени во оваа година?

XIII/2.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, јас веднаш сакам да кажам дека сум многу изненаден од дефетизмот на некои апели овде, за повик за неусвојување на програмата, за давање на согласност на годишната програма на СИЗ-от за патишта за 1995 година и едногласието на некој начин што во таа смисла се искажува реторички од оваа говорница, притоа не истакнувајќи никаква реалистичка аргументација во прилог на тоа. Сепак, мислам дека е тоа политичко помодарство. Јас веднаш сакам да кажам дека оваа програма овој парламент денес неминовно дека треба да ја поддржи со сите можни забелешки, желби, проекции, потреби што ги искажуваат пратениците, претставниците од изборните единици од каде што доаѓаат, на начин сообразено со реалните можности на Републиката кои барем секој оној од нас кој површно ги следи состојбите можат да му бидат јасни.

Прво, оваа програма е годишна и пратениците треба да имаат во вид дека се вклопуваат во рамките на една поширока програма за која исто така овој парламент има расправано. И позициите од приходниот и расходниот дел како програмски определувања во оваа програма пред се базираат на една таква програма за кој овој парламент, до душа во поинаков состав се има изјаснето. Не чувме никаква дисонанција, или забелешка дека оваа годишна програма практично отстапува од таа петогодишна, или четиригодишна програма што беше разгледувана на овој парламент.

Второ, реалистичкиот приказ во делот на расходниот дел кој најчесто беше реторички овде третиран како незадоволувачки во смер на усмерување на средствата за инвестиционото и другото трошење за тековнава година. Исто така, мислам дека е доволен приказ во самата програма од следните причини. Ако се погледне расходниот дел може да

се види дека три главни пункта се покриваат со тој износ, иако се барataше овде, да употребам еден израз еден пратеник што рече, штура програма, јас ќе речам со штури податоци, затоа што некои изнесуваа и криви цифри. Цифрата од 3,5 милијарди денари на пример ја преточуваа дека изнесува 95 милиони марки, а всушност се работи за цифра од околу 129,700 илјади марки што на некој начин во расходниот дел рамномерно е распоредена на три дела.

Прво, и основно што е, одржување инвестиционо тековно на постојната патна инфраструктура во Републиката што е една од примарните задачи што треба да води сметка Републиката, а тоа и пратениците преку поддржувањето на оваа програма, затоа што Републиката има наследено едно богатство на постојни изградени патишта во Република Македонија во минатиот период. Едни од најцелисходните вложувања инвестициони што биле тоа биле во патната инфраструктура во Република Македонија. Кој не верува во тоа може да ги погледне споредбените показатели со цифрите на просторите од бивша Југославија и на просторите од нашето опкружување што значело визави вложувањата во другите сфери, вложувањата во патната инфраструктура во Република Македонија и за колку краток временски период* е доживеана една структурна трансформација на патната структура и мрежа во Република Македонија. Мислам дека оттука предлагачот на програмата сосема доволно и реалистично вложил внимание да скоро една третина од предвидените приходни средства ги вложи за таа намена, за тековно и инвестиционо одржување на постојната патна мрежа во Републиката што е еден битен фактор за одржување на таа структура и за функционирање.

Другата структура се обврски спрема меѓународните финансиски институции една третина за кој мислам дека сепак предлагачот должи пред пратениците овде да го појасни тоа прашање, затоа што го нема во текстот овде доволно.

XIII/4.-

И третата третина од расходите се однесува на нови инвестициони вложувања кои ако ги гледаме по структура исто така имаат своја оправданост, а тоа е сите оние патни правци набележани 3,4, почнувајќи од патниот правец Тетово - Гостивар што најмногу апсорбира средства за тековнава година, на краците на автопатот спрема Миладиновци и спрема Стоби, на тесното грло спрема Ќафасан и нормално дел на средства предвидени за новиот патен правец од Титов Велес спрема Прилеп. Нормално дека предлагачот прво треба да води сметка за завршување на оние инвестициони објекти кои се започнати и нон- сенс е и се знае дека онаа инвестиција која е започната дека треба со динамика за тековнава година да се заврши, со тоа да се постигне ефект во инвестиционото вложување за да не би дошло до поскапување на инвестицијата и второ, да се постигнат ефекти од експлоатација на тоа инвестиционо одржување што треба да се стави во функција. Мислам сосема е во ред во рамките на расположливите финансиски средства што приоритет се дава на овие неколку четири до пет објекти што се набележани во програмата за да во тековната 19 9Б година се затворат. Мислам дека за потребата од патниот правец Титов Велес - Прилеп итн., никој не може да ја оспорува, ниту на некој начин да ја дезавуира, ниту има потреба на некој начин да се преку оваа говорница и на денешниов ден таа промовира. Затоа што тој објект е влезен со сите свои параметри во проценките дека треба да се гради во Република Македонија, на некој начин почнати се активности што се преземени во врска со изградбата на тој патен правец. Не постојат никакви правни, ниту други претпоставки дека тој патен правец се дезавоуира, туку дека се работи само во редослед профитабилен на завршување на сите инвестициони објекти во Републиката во овој смер.  Од тие причини сметам дека апелите од оваа

говорница да се на некој начин минира оваа програма денес се контрапродуктивни. Јас би се заложил врз основа на оваа аргументација што ја изнесов оваа програма да се поддржи, затоа што градежната сезона веќе е почната и треба да се преземаат активности што побрзо да се ефектуира приливот на приходните средства, да се вршат сите други работи што треба да се договараат со инвеститорите и градежниците за да можеме да постигнеме ефекти и наредната година веројатно кога малку порано ќе ја разгледуваме годишната програма за 1996 година во овој смер дека треба да кажеме дека програмата за 1995 година на соодветен начин сме ја извршиле со нови објекти во Република Македонија онака како што се зацртани во оваа програма.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, некои знаат, а некои не знаат дека Мариово е најголема висорамнина во нашава држава. Податоците говорат дека оваа висорамнина се простира на околу 920 $км^2$ и со неа газдуваат моментално три општини, општината Битола, Прилеп и Кавадарци. Битолскиот дел на Мариово, зафаќа околу 300 $км^2$ и моментално е единствениот дел од оваа висорамнина кој што нема асфалтен пат. Во Мариово има околу 13 села, 7 села се на едната страна од кањонот на Црна река, а шест на другата. Во изминативе 50 години асвалтот за Мариово стигна само до Рапеш. Во изминативе 50 години вакви студии за Мариово се направени безброј пати, меѓутоа досега ниедна студија не даде никакви резултати. Со оглед на тоа што сега имаме ново министерство специјализирано за сообраќај и патни врски се надевам дека ќе стави рака и наскоро и жителите од овој дел на нашава држава ќе добијат асфалтен пат. Инаку, низ ова старо Мариово, велам старо,

затоа што овде живеат само старци кои што имаат над 70 години еден ден ќе можат полесно да се врзат со својата држава и светот преку еден ваков пат. Инаку, моментално во Мариово не работи ниту едно училиште, напуштени се 10-тина иљјади хектари обработлива површина, напуштени се иљјадници хектари со пасишта, сега засега во Мариово работи само шумското стопанство Кајмаќчелан кое што половина век ги црпи неговите богатства, а ништо назад не враќа.

Уште еднаш сакам да повторам дека се надеваме дека новото министерство ќе стави рака и годинава овој пат ќе се изгради и ќе им се стави крај на сите тврдења дека Мариово битолско нема асфалтен пат додека не се изгради браната Чебрен. Мариово мора да оди со асфалтен пат, а оној што ќе ја гради браната Чебрен нека ја плати штетата за тој пат.

Второ, и јас ги прифаќам дискусиите на пратениците од мојата општина кои што се залагаат за преиспитување на програмата за изградба и одржување на патишта на СИЗ-за патишта за оваа година и патот Титов Велес - Прилеп со новата делница мора да добие поинаков третман. Лично сметам дека притисокот што државните информативни средства во изминатиов период го вршеа за да се сврти вниманието на сета јавност кон патот Гостивар - Тетово а да се одложи изградбата на патот Титов Велес Прилеп преку Бабуна успеа и токму затоа слободно можам да кажам дека овие информативни средства на овој план си ја одиграа својата улога. Не можам да се помирам со вистината што во оваа програма за патишта околу нашата столица, околу Скопје, годинава треба да се инвестираат околу 240 милиони денари. Господо, Скопје, не е Македонија. Мора некој од луѓето што ја креираат изградбата на патната мрежа во Македонија малку да се свртат и на овој дел од Македонија, на Пелагонија. Сите кажаа што значи Пелагонија за нашава

држава. Една половина од вкупното производство на жито се остварува во општините Битола, Крушево, Демир Хисар и Прилеп. Една половина од вкупното производство на тутун доаѓа од овој регион, целото производство на шеќерна репка доаѓа од овој регион, една половина од производството на млеко доаѓа од овој регион, половина од нашето јагне доаѓа од овој регион, 70% од нашава струја доаѓа од овој регион. Господо, секој ден, односно ката ден патот Битола - Скопје преку сегашниов патен правец што е изграден уште за време на Турската империја е преполн со каравани на јагне што носат од Комбинатот РЕК Битола. Токму затоа не се согласувам со излагањето на господинот Наќе Стојановски дека нашиве дискусии се локалистички. Демир Хисар одамна доби своја патна мрежа па сигурно за него тоа не е толку важно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Наќе Стојановски бара реплика.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

На господинот Тантаров јас му препорачувам, тука се водат стенографски белешки, после седницата да ја прибави мојата дискусија и малку да ја прочита на мир.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господинот пратеник Наќе Стојановски од Демир Хисар треба навистина во мир да ја слуша и мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А кога ќе се смират, нека слушаат и читаат. Сега г-динот Томислав Стојановски за тоа време да каже нешто.

XIV/1.- HH/OM

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Разгледуваме Годишна програма за патишта, а стопати го спомнавме Тетово. Бидејќи сме од Тетово ред е и ние да кажеме нешто. Колеги ќе Ви кажувам место маркетинг од тој регион си направивте денеска анти маркетинг. Самите си докажавте дека есента овој пат е почнато на брзина да се гради, без финансиска конструкција и толку можеа за оваа година да се обезбедат средства. Тоа како одговор само.

Има ли смисла да дискутираме за патен правец Гостивар- Тетово кои што и Вие колеги прилепчани, битолчани и сите од таму, и сите македонци, граѓани на Македонија сте поминале, тој што е веќе во завршна фаза на изградба, каде што сите земјени и други работи се довршени , останува уште асфалтирањето тој пат сега да го запоставиме, тие средства да ги префрлиме на некој друг правец. Мислам дека за овој аудиториум не сериозна работа. Прифаќам дека треба да се гради патот преку Бабуна. Прифаќам да Републичката заедница, министерства и сите ние и Влада во оваа сиромаштија бараме средства за оваа година. Сега тоа што е изградено таму, 7 0% и пат што треба да биде современ авто-пат, треба да го пуштиме кон крајот на оваа година, да оставиме се што е таму вложено, инвестирано на 'забот на времето да пропадне, мислам дека не е вред.

Втора работа, во образложението стои тоа е современ автопат по сите критериуми и мерила. Значи автопат кој што го прифатила Меѓународната банка да го финансира, затоа што тој носи доход , кој што доход потоа може да се прелива и за Бабуна и за Тораница и за Горче Петров, каде сакате, како што ќе бидат следните потези. Сметам дека нема смисла да се пренабрегнуваат одредени фактори. Факт е дека

XIV/2.-

Мариово нема пат, факт е дека Мариово е заостаното, меѓутоа треба да се дискутира Скопје - Тетово веќе да се проектира пат. Вие поминувате веќе секој ден таму. Знаете Вие што е таму. Патот Тетово - Гостивар ако не се спои со скопје понатаму, дали тоа ние ќе го наречам магистрала Исток- Запад или ќе го наречеме современ пат или ќе го наречеме комуникација, сеедно е. Животот си ги трасира работите. Ако не беа ембаргата ние сега веќе ќе имавме автопат до Солун. Сигурно низ Македонија ќе беше изграден. Ќе го изградеше потребата. Ќе го изградеше потребата, ќе го изградеше бизнисот, ќе го изградеа парите. Сега во оваа сиромаштија се вртиме два дена како на каде да дадеме. Мислам дека оваа програма треба да се донесе, да се продискутира позицијата одржуваше ако не е јасно каде е што е и да се задолжи ресорното министерство и СИЗ-от за оваа година да се потрудат, не со рестрикција на аптниот правец Гостивар - Тетово, туку да се изнајдат дополнителни средства за да поинтензивно се работи на патот Велес-Прилеп, а не таму , како што Вие викате, практично да се чепрка.

**ДИМИТАР БУЗЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, драго ми е што оваа тема побуди ваков интерес, бидејќи сите тие дискусии кои беа овде презентирани се во функција на подобрување на состојбите во областа на патната мрежа. Во рамките на тоа мислам дека нормално е еден министер да го радува таквиот факт за оценката на тие потреби да се издигне и на вакво ниво и да му се даде поинакво значење.

Владата на својата седница бидејќи има обврска да даде мислење кое што Ви беше и распределено заедно со Годишната програма

расправаше сеопфатно за сите аспекти кои што се применуваа на оние кои што ја предлагаат , тоа е Републичката СИЗ за патишта. Инаку, по патно да споменам дека нашето Министерство деновиве го заврши првиот текст на работната верзија на законот за јавни патишта каде штос е видоизменува поставеноста, тоа е работна верзија со која што понатаму би бил предлог за донесување на закон, ќе расправате , потоа, бидејќи беа спомнати неколку пати СИЗ и постоење на СИЗ сакам да кажам дека ќе се разрешат сите тие проблеми и тоа ќе биде едно минато кое што сме го имале зад нас.

Разгледувајќи ги аспектите Владата позитивно се произнесе од приодот на изготвувачите на програмата кои што беше презентиран и пред Владата, а кој што во основа се донесуваше на следното:

Ако забележите во она што значи чиста инвестиција за тековнат година околу 870 милиони, или некаде 80% од таа позиција се однесуваат на патни правци кои што се во тек на градба и кои што се во таква фаза на изграденост да во текот на оваа година се доизградат. Значи имавме респект кон рационалниот приод што значи обезбедување на средства за рационално нивно пласирање во инвестициона активност која што ќе обезбеди завршување на дотичен инвестиционен објект кој што ќе биде и даден на употреба со крајот на оваа година

Сето тоа овозможува бидејќи дел од тие патни правци се и под посебен режим на одвивањето на сообраќај да се обезбедат и додатни приходи кои би биле калкулативен елемент во изработка на финансиската програма и годишната програма за 1996 година, бидејќи по нашите проценки врз основ ана фреквенцијата на движењето на моторни возила на тие патни правци би се обезбедиле во однос на она што сега се обезбедува додатни 7 милини долари. Значи со самото завршување и

предавање во употреба на тие патни правци имаме основ да калкулираме со таков износ на средства кои што би се обезбедувал со самата наплата.

Во делот на тековното инвестиционо одржување., бидејќи спомнато беше тука, ние во носење на годишни програми и елаборирање по нив мораме да се придржуваме и кон некои принципи кои што ги презентираме до надлежните институции кои што , пак одлучуваат за одобрување на кредити и на некој начин земаме обврска према нив. Но, тоа не е случајно бидејќи тие оцениле дека она што е изградено треба да се одржува и тоа на ниво што ќе обезбедува негов подолготраен век на употреба. Затоа е оценка дека од вкупните средства кои што се предвидуваат со едногодишната програма без учеството на средствата по меѓународни кредити 40% ќе треба да се обезбедат за тековно одржување. Тоа е редовно одржување, зимско одржување и инвестиционо одржување.

Најдискутибилен елемент кој што и овде беше повеќе пати спомнат е позицијата инвестиционо одржување. Таа позиција се обработува во рамките на надлежните органи преку изработка на финансиски план кој што го носи сегашниот орган, кој што се уште постои и кој што финансиски пална се однесува на инвестициони активности во функција на инвестиционо одржување на патни правци, кои што по оценка на стручните служби се најрунуирани и кој што треба да претрпат соодветна рехабилитација. Тоа е анализирано и во рамките на приодите кои што предлагачот на Годишната програма ги имаше пред себе. Почитувани беа и мислењата кои што се добиваа од надлежниот општински собранија, како сегашна локална самоуправа, но за жал по нив се изјаснија само 5 општини и многу жалам што г-дин Шапуриќ така

сериозно ни забележа дека не го имавме тој приод, но јас ценам тој со ангажманот што додатно го доби како пратеник не доволно имаше време да погледа дека таква преписка има меѓу неговата општина и Републичката сиз за патишта.

Имаше и доста сериозно прашање кое што се однесуваше на позицијата на задолжуваше. Мислам дека е тоа со право, врзано со обврските кои што како расходен дел би требало во текот на оваа година да се одлијат по разни кредити кои што се користени во претходниот период и тоа 1992, 1993, 1994 и тековнава 1995 година, а кои што се однесуваат на неизмирени обврски по достасани анилитети од страна на Европската инвестициона банка со седиште во Луксембург во висина од 13^8 милиони долари и од страна на Меѓународната банка во Вашингтон во висина од 6 милиони долари. Таа позиција се донесува на оваа обврска што стои пред нашава држава.

Јас се трудев да запишам, бидејќи така и сакав тоа да го направам за да прокоментирам одредени искажувања кои што секако ги ценам дека се во функција на пропузирање, понатамошно пропузирање на активностите кои штос е однесуваат на модернизација на патната мрежа во нашата држава, која што патна мрежа треба да биде на ниво кое што ќе обезбеди пропузирање и тоа мултиплицирано на сите други дејности како стопански активитет кој што се одвиваат во нашата држава.

Беше ставена забелешка на стапката на акцизи. веднаш да кажам дека тие односи се регулирани со Законот за акцизи и по тој закон по автоматизам 9,17% се одвојува во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а во апсолутен износ во рамките на Буџетот се издвојуваат

средства како позиција приходен дел по тој основ. Тоа за оваа година изнесува 10% од предвидените приходи кои што се цени дека ќе се остварат од наплатата на акцизи.

Околу потребата за интервенции или некои водови на инвестициони активности, за Ранковце - Деве Баир со право беше и елаборирано тоа прашање во дел од дискусиите. Ние ја поддржавме активноста на Републичката сиз за патишта за интервенција која што би се однесувала на тековно инвестиционо одржување и тоа токму на тој потег, а и во исто време оценивме дека треба да се пријде и тоа под итно на изработка на главен проект за патниот потез Псаца- Бугарска граница. Така да имаме доволно елаборација направено на таа проблематика и јас се согласувам со потребата дека тоа е врзано за она што дневно како потреби додатни ни се јавуваат од аспект на состојбите на патната мрежа.

Обиколката на Скопје исто така е наша оценка и на стручните служби дека треба да добие своја актуелност и е предвидено за оваа година, бидејќи овде беше спомнато дека има, но јас велам дека нема, главен проект, изработка на главен проект за таа обиколка во должина од 29 км.

Кључката кажан , исто така беше спомната и веднаш да кажам дека со поранешните финансиски програми таа беше планирана да се изведува, но мораме да забележиме дека некои работи кои што се како директна обврска на Републичката сиз за патишта важат или се во зависност од непостоењето на одредена друга законска регулатива. Во случајот не е разрешен проблемот со експропријација и само за три субјекти кои што не се согласуваат да потпишат директни договори за таа експропријација не е реализирана таа клучка. Инаку не е спорно дека

таа делот на тековно инвестиционо одржување треба да се реализира.

Еве она што најударно би сакал да го споменам, а бидејќи со таков акцент беше и овде кажано на делот на Мариово, бидејќи тоа ни беше поставено како една од работните задачи во претходните активности на Парламентот, во финансиската програма предвидени се изведување на патна мрежа од Ратеш - Старавина. Тоа мислам дека ќе Ве задоволи.

Беше споменато за коридорот Исток-запад и мислам дека една поинаква конотација се даде во однос на она што треба да значи коридорот Исток - Запад. Коридорот Исток - Запад е презентиран како една издигната потреба за поврзување на Македонија со Албанија и Бугарија, која што потреба во рамките на меѓународните кругови е и позитивно оценета, но дефинирање каде тој, или дали само тесно на потезот Тетово - Гостивар или пошироко на други патни правци, бидејќи во елаборирање на коридорот Исто -Запад не се задржуваме само на тој патен правец, туку одиме малку пошироко на други сегменти, кои што се во функција на коридорот. Но да информирам тука дека ние доста успешно го презентиравме тој наш актуелен момент на она работ- на средба на бизнисмени во Кливеланд и имаме веднаш реакција позитивна на тоа презентирање со самиот пат што веќе е најавена во нашата канцеларија во Вашингтон една посериозна сума на средства која што би се издвоила за изработка на физибили студија кои што би ги дока- жала сите потреби од ваков коридор, од изведување на ваков коридор. Тоа е еден успех кој што е постигнат, бидејќи со самиот факт што авторитети во светот познати за изработка на такви студии ќе се ангажираат тоа да го направат, а ако таа ја докаже својата позитивност тогаш ќе имаме по сериозен настап аз повлекување и на додатни активности во вид на

разни вложувања и разни односи во рамките на тие вложувања во подобрување на инфраструктурата и другата структура во нашата држава. И молам јас така да се гледа бидејќи доста скоро ќе следуваат и по практични ангажмани на тој план, кој што ќе бидат во функција на поспешување на активностите за додефинирање на нашите обврски што ќе ги имаме и нашите користи со кои што ќе можеме да располагаме.

За да ги задоволиме и трите сегменти што ги спомна првиот дискутант, јас сепак молам да се има предвид мислењето на Владата, бидејќи мислењето на Владата е изработено врз една сеопсежна дискусија, која што дискусија во својата содржина при расправата имаше и осврт за она што значи реализација на годишната програма од 1994 година, која што и до Вас е достапна и една од Комисиите расправаше по таа програма за 1994 година и по извештајот по неа. За да замолам да го имате во предвид тоа дека усвојувањето на оваа програма ќе значи продолжување на активности во обласа на јавното инвестирање, а тие активности се на линија на ангажирање на градежна оператива, која што пак мултиплицирано своите ефекти ги остварува и ги реализира во другите сфери.

XV/1 РД/ПН

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

И на крајот овде што мислам се споменува, јас сум во ситуација да не бидам локалистички во тој однос обоен, бидејќи ако некој го користи тој патен правец сегашниот, од овој состав, најмногу јас го користам, бидејќи сум со постојано место на живеење на патен правец кој што го експлоатирам многу често. Но, потребата не е во овој момент како дилема да се поставува. Прашање беше само дали да го поддржиме принципот кој што значи економичност, кој што значи вложување на средства и ефектуирање на дел од тие средства, или пак тоа да се продолжи во динамика како што се предвидува со амандманите.-Мислам дека имаме недвојбеност кај нас. Јас имам доблест за тоа и да го изнесам во оваа прилика дека во наредниот период, значи почнувајќи од идната година ќе се настојува да се ангажираат и Владата ќе настојува тоа да го прави, соодветни износи кој што ќе ги обезбедуваат гантограмските, или тајминзи за изградба на тој проект кој што беа презентирани во самиот чин на неговото отпочнување. А за тоа, оние што беа присутни таму знаат во која динамика тој требаше да се изведува. Значи, дилема нема, има само рационален приод кои што ќе обезбеди во идната година додатно средство да обезбедуваме и за тој патен правец. Инаку, да ве информирам, бидејќи идните проекти ги покажуваат, а досег има изработено главен проект за 21 км. кој што треба да се ; ревидира и нивните проекти покажуваат дека таа вредност ќе биде 110 милиони долари и таа вредност треба да се обезбеди во соодветна динамика онака како што ќе се прокламира критиката за идниот период.

XV/2

**САМИ ИБРАИМИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, ќе бидам краток, имам само едно укажуваше во делот расходи во точката 4 учество во изградбата на локални патишта да се има предвид потребата на изградба на патната мрежа за поврзување и интеграција на граѓаните од пограничните села и ридско - планинските села Брес, Блаце, Панушевци, Малино, и некои други села што имаат потреба за тоа, така да барам да бидат предвидени при реализацијата на оваа позиција. Образложението е во тоа што тие села со децении биле поврзани со косовските центри Витино и Гнилане, но сега со дадената нова ситуација со независноста на Македонија, тие треба да гравитираат со Чаир и да бидат поврзани со Скопје, патната мрежа е катастрофална, воопшто нема патишта, така да граѓаните од овие села по четири месеци се тотално пресечни од градот. Имало неколку случаеви при породување, смртни случаи да има и мајка и дете, така да нека се земе предвид. Инаку, програмата ја поддржувам и нормално дека ќе гласам за тоа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Само една мала реплика, бидејќи бев спомнат во излагањето на министерот, јас не мислев дека нема некоја преписка меѓу Републичката СИЗ и органите на локалната самоуправа. Јас кажав дека има многу слаба соработка, односно дека таа воопшто не постои меѓу органите на локалната самоуправа и Републичката СИЗ и дека се потребни пошироки консултации како што ги имаше во изминатите години, кога беа тие состаноци и потреби усогласувани.

Оваа годинас точно е дека имаше преписка, едно писмо и јас мислев пред се на таа комуникација, не меѓу Министерството кое е неодамна формирано, туку меѓу Републичката СИЗ и органите на локалната самоуправа, а исто тоа дека подрачните единици на Министерството во општината и општинските СИЗ-ови не треба да се изедначуваат со органите за локална самоуправа. Тоа мислам е уште еден прилог повеќе дека овој остаток од СИЗ треба да си го најде своето место, односно да се трансформира како и другите органи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор, (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Уште еднаш ви кажувам да ве потсетам само позицијата на Собранието према одлуката е таква да може да ја усвои или не, а не да< усвојува амандмани. Даваните амандмани, кој се поднесени од пратениците се упатуваат како забелешки и предлози до Министерството за сообраќај и врски кој ќе ги проследи натаму на СИЗ-от.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.. (69)

Дали е некој против? (10)

Дали некој се воздржува од гласање. (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за

1995 година.

Минуваме на **точката 26** - Предлог на одлука за одобрување на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход.

Ве известувам дека немаме амандмани.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата оцени дека оваа одлука треба да се повлече од расправа од денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали вие ја повлекувате.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако ја повлекувате се симнува од дневен ред, вие ќе ни испратите друга, ако одлучите.

Минуваме на **точката 27** - Предлог на програмата за изготвуваше и донесување на просторен план на Република Македонија.

Немаме претставник овде, во странство е. Ова ќе биде како првите две точки како ги рековме, ја оставаме за друг пат.

Минуваме на **точката 28** - Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II- Скопје.

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (62)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Марија Дубровска е разрешена од функцијата судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје, поради нејзино барање.

Минуваме на **<u>точката 29</u>** - <u>Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд во Кавадарци.</u>

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (71)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Душко Арнаудов, е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Кавадарци по негово барање.

Овие три точки кои ги одложивме сега, а не можеме да расправаме по нив, предлагам да расправаме на 22 март, идната среда, а тогаш и од Владата надлежните функционери да дојдат за да го минеме и оној дел што го викаме пратенички прашања.

За денеска завршивме.

(Седницата заврши во 16,25 часот)